Република Северна Македонија

# Министерство за правда

## Биро за застапување на Република Северна Македонија
## пред Европскиот суд за човекови права

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА РАБОТАТА НА БИРОТО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА 2024 ГОДИНА**

**2025, СКОПЈЕ**

## 1. ВОВЕД

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП/Судот) беше основано на почетокот на 2015 година согласно Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права („Службен весник“ бр. 67/2009, 43/2014 и 64/2018), како посебно правно лице во состав на Министерството за правда. Покрај овој закон, надлежностите на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП се дефинирани и со Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права („Службен весник“ бр. 67/2009 и 43/2014).

Со Законот за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП на Бирото му е доверена улогата на застапување на државните интереси пред ЕСЧП во согласност со Европската конвенција за човекови права (во понатамошниот текст: ЕКЧП/Конвенцијата) и нејзините Протоколи. Со оглед на карактерот и делокругот на доверените надлежности, Бирото за застапување на Република Северна Македонија *de facto* е специјализиран орган за застапување на сите државни органи на Република Северна Македонија во постапките кои пред ЕСЧП се водат против државата.

Освен надлежностите во делот на застапувањето пред ЕСЧП, на Бирото за застапување пред ЕСЧП му е доверена и надлежност во делот на координација на извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП и комуникација со Комитетот на министри за целите на надзорот што овој орган на Советот на Европа го врши над извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП. Меѓудругото, Бирото е стручна и административно - техничка поддршка на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

## 2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ПРЕД ЕСЧП ВО ТЕКОТ НА 2024 ГОДИНА

ЕСЧП во текот на 2024 година одлучуваше за вкупно 36.800 поднесени апликации, што е за речиси 4% помала бројка од поднесените апликации за кои одлучуваше во 2023 година (38.260 апликации). Бројот на апликации по кои Судот одлучи со пресуда во текот на 2024 година изнесува 10.829 апликации со што се забележува раст од речиси 44% во споредба со 2023 година кога беа решени 6.931 апликација. Комитетот од тројца судии[1]

[1] Предметите пред ЕСЧП се решаваат во четири различни видови на судски формации. Согласно членот 26 (1) од ЕКЧП: „За да испитува предмет пред него, Судот заседава во формација на судија-поединец, во комитети од тројца судии, во совети од седум судии и во Голем совет од седумнаесет судии.“ Судии-поединци ја утврдуваат допуштеноста на поединечни поднесоци во кои најчесто спаѓаат очигледно неоснованите предмети. Овој систем е воспоставен за да се помогне да се намали акумулацијата на голем број предмети. Составени од тројца судии, комитетите одлучуваат за допуштеноста на предмети, како и за основаноста кога предметот се однесува на прашање опфатено со добро воспоставена судска пракса (одлуката мора да биде едногласна). Составени од седум судии, советите примарно одлучуваат за допуштеноста и основаноста на предмети кои покренуваат прашања за кои не

одлучуваше за 10.241 апликации, а формациите во состав од судија поединец постапуваа по 22.200 апликации. Голем број на апликации беа споени, што резултираше со донесени 1,102 пресуди (за 10.829 апликации), што е за 56% зголемување во однос на 2023 година кога беа донесени 1.014 пресуди (за 6.931 апликации).

Што се однесува до бројот на поднесени апликации во текот на 2023 година овој број изнесува 60.350 апликации, што е за 12% понизок од минатата година, кога бројката изнесуваше 68.450. Бројот на поднесени апликации доделени на совет е зголемен за 6% од 1 јануари 2024 година (19.250 апликации), а кој во 2023 година беше 18.150 апликации. Бројот на поднесени апликации доделени на комитетот се намали за 20% (36.700 апликации), а кој во 2023 година беше 46.150 апликации. Во однос на поднесени апликации доделени на судија поединец се забележува зголемување на бројот за 6% споредено со претходната година (4.400 апликации), а 4.150 апликации беа во 2023 година.

На крајот на годината имаше 55.950 нерешени апликации пред совет (вклучувајќи го и Големиот судски совет) или Комитет кои чекаа на решавање, а 4.400 апликации пред судија поединец.[2] Петте држави на кои се однесуваат три четвртини од предметите во постапката пред ЕСЧП останаа исти како и минатите две години. Турција, со околу 21.600 апликации е земја со најголем број случаи; па потоа следуваат Руската Федерација со 8.150 апликации; Украина со околу 7.700 апликации; Романија со 3.850 апликации и Италија со 2,600 апликации.

Во текот на 2024 година за 189 апликации беше утврдено со одлука од страна на совет дека се недопуштени или беа симнати од листата на предмети пред Судот, а 3.589 такви одлуки беа донесени од комитет. Покрај тоа, судии-поединци со одлуки утврдија дека се недопуштени или симнаа од листата на предмети пред Судот 22,210 апликации.[3] Бројот на одлуки за недопуштеност и за симнување на апликации од листата на предмети пред Судот се намали за 17%, од 31.329 во 2023 година, на 25,990 апликации во 2024 година.

Во зависност од судските формации, во 2024 година беа донесени 283 пресуди од страна на совети, 814 од комитети, додека 5 пресуди и 2 одлуки за допуштеност беа донесени од страна на Големиот судски совет.[4]

било често одлучувано (одлуката може да се донесе со мнозинство гласови). Секој совет го вклучува претседателот на Советот и „национален судија“ (судија со државјанство на државата против која е поднесена апликацијата). Составен од 17 судии, Големиот совет расправа за мал, избран број на предмети кои му биле упатени или за кои совет му отстапил надлежност, обично кога предметот опфаќа важно или ново прашање. Големиот судски совет секогаш ги вклучува претседателот и потпретседателот на Судот, претседателите на одделите и националниот судија.

[2] Споредбено со 2023 г. – 64.300 нерешени апликации пред совет или комитет, а 4.150 апликации пред судија поединец.

[3] Споредбено со 2023 г. - за 151 апликации беше утврдено дека се недопуштени или беа симнати од листата на предмети пред Судот од страна на совет и околу 5.344 такви одлуки беа донесени од комитет, додека судии-поединци утврдија дека се недопуштени или симнаа од листата на предмети пред Судот околу 25.834 апликации.

[4] Споредбено со 2023 г. - 319 пресуди од совети, 682 од комитети, а 13 пресуди од Големиот судски совет.

Местото на најмногу утврдени повреди во 2024 година го зазема членот 6 (право правично судење) за кој Судот утврди повреда во вкупно 485 апликации. Втора суштинска категорија на констатирани повреди на ЕКЧП е онаа според членот 5 (право на слобода и безбедност) во вкупен број од 465 апликации. На трето место се констатираните повреди на членот 3 (забрана на тортура) во вкупно 401 апликации, на четвртото место е членот 13 (право на ефективен правен лек) во 260 апликации, потоа следат констатираните повреди на членот 1 од Протоколот број 1 (правото на сопственост) во вкупно 90 апликации и повреди на членот 2 (право на живот) во 38 апликации.

Со цел зголемување на ефикасноста и забрзување на постапките пред ЕСЧП, по воведувањето на тн. *WECL* постапка (*well established case law*/постапка за предмети кои покренуваат прашања кои се дел од добро воспоставената судска пракса на ЕСЧП) во 2017 година, Судот во текот на истата година воведе и тн. *IMSI* постапка (*procedure of immediate simplified communication of cases*/постапка за брза поедноставена комуникација на предметите). Воведувањето на овие постапки од страна на ЕСЧП претпоставува зголемен обем на работа за Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП, но и го зголемува притисокот за функционирање на институциите во државата во согласност со стандардите изградени во судската пракса на ЕСЧП.

Со воведувањето на *IMSI* постапката, работата на Бирото за застапување пред ЕСЧП се зголеми по својот обем и степен на сложеност. Оваа постапка за разлика од стандардната постапка, која претпоставуваше дека ЕСЧП ја подготвува фактичката состојба (*statement of facts*) по предметот, но и делот на релевантното домашно законодавство (*relevant domestic law*) по кој државата само се произнесуваше, сега товарот на подготовка на овие два дела го става врз државата, односно истата ја подготвува Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП. Дополнително, ова претпоставува можност во случај Владата да не негира определени наводи на апликантот, ЕСЧП истите да ги земе предвид како фактички претпоставки на кои може да ја заснова сопствената одлука. Кон ваквите промени во постапката пред ЕСЧП треба да се додаде и околноста дека Бирото за застапување пред ЕСЧП работи по преклузивни рокови кои за секое процесно дејствие ги определува ЕСЧП, како и фактот за променетата структура на предмети кои се доставуваат до државата на одговор кои покренуваат далеку посложени прашања, на пример од оние кои се покренуваа во предметите со наводи за повреда на правото на судење во разумен рок, кои во извесен и подолг период го сочинуваа најголемиот дел од предметите кои се доставуваа на одговор до државата.

Од друга страна, класификацијата на еден предмет против државата како *WECL* предмет кој покренува прашање кое е дел од добро воспоставената судска пракса, претпоставува

дека за спорните правни прашања кои тој ги покренува, ЕСЧП веќе претходно одлучувал, но незадолжително во предмет против конкретната држава, туку е доволно за спорното прашање ЕСЧП да одлучувал и во предмет против друга држава членка на Советот на Европа. Ова укажува на фактот дека извесно ќе расте бројот на предмети против државата кои ќе бидат класифицирани во оваа група на предмети, а за кои одлучува комитет од тројца судии. Одлуките и пресудите донесени од комитет од тројца судии стануваат правосилни со денот на нивното донесување и во однос на нив не е дозволено упатување на барање за разгледување на предметот од страна на Големиот судски совет на ЕСЧП. Ова укажува на потребата за доследна примена и почитување на судската пракса на ЕСЧП од страна на сите институции во системот на државата, а како претходни прашања се поставуваат познавањето на истата и на основните алатки за нејзино истражување.

Почнувајќи од 1 јануари 2019 година, ЕСЧП донесе одлука да воведе нова пракса за сите земји членки на Советот на Европа, на посебна фаза во постапката пред ЕСЧП (неспорна фаза/*non-contentious phase*).[5] Целта на воведувањето таква фаза, според Судот е поедноставување на процесот на пријателското спогодување помеѓу страните во предметите пред ЕСЧП. Примената на оваа пракса продолжи и во текот на 2023 година.Новата практика во суштина ги одвојува неспорната фаза од постапката (или прва фаза во траење од 12-недели) од спорната (или втора фаза од постапката која се одвива во следните 12- недели) која е всушност фаза од постапката во која се разменуваат опсервациите и произнесувањата помеѓу страните, во случај на непостигнување на договор за пријателско спогодување помеѓу страните.

Сепак, Регистарот на ЕСЧП нема да даде конкретен предлог за пријателско спогодување во секој случај, односно нема да даде предлог во случаи кои се однесуваат на нови прашања што Судот никогаш не ги оценувал или случаи за кои од некоја специфична причина не би било соодветно да предложи пријателско спогодување. Во предмети кои се доставени на одговор согласно новата пракса, а во кои од различни причини Регистарот на ЕСЧП нема да излезе со сопствен и конкретен предлог со јасно и прецизно дефинирани услови за спогодување по кои странките во постапката треба да се произнесат, истите се сметаат повикани билатерално да преговараат за условите на евентуална спогодба. Сепак, Бирото за застапување пред ЕСЧП, во принцип ѝ предлага спогодбено решавање на Владата на Северна Македонија само во случај на јасни и прецизни услови за спогодување предложени од страна на ЕСЧП.

[5] https://www.youtube.com/watch?v=yUcbKJSuxiE&feature=youtu.be

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ЕСЧП ВО ТЕКОТ НА 2024 година**

Бројот на поднесени апликации пред ЕСЧП против Република Северна Македонија се чини во текот на 2024 година запазува релативно стабилен тренд. Слично како и во претходните години, во текот на 2024 година, овој број е над европскиот просек мерено според индексот на поднесени апликации на 10.000 жители, кој на европско ниво во текот на 2024 година изнесуваше 0.38 несметајќи ја статистиката во поглед на Русија. Република Северна Македонија во 2024 година според овој индекс заврши на 11-то место во семејството на држави членки на Советот на Европа со индекс од 1.80. Индексот на поднесени апликации пред ЕСЧП на 10.000 жители против државата во 2023 година изнесуваше 1.83, во 2022 година изнесуваше 0.54, во 2021 година изнесуваше 1.90 во 2020 година изнесуваше 1.32, во 2019 година беше 1.26, во 2018 година изнесуваше 1.47, во 2017 година изнесуваше 1.66, во текот на 2016 година индексот беше 1.64, а со ваквиот индекс државата во 2022 и 2021 година беше на 7-то место, во 2020 година беше на 12-тото место, во 2019 година беше на 11-тото место, во 2018 година беше на 9-тото место, а во 2017 и во 2016 година на 11-тото место меѓу државите членки на Советот на Европа.

Во текот на 2024 година ЕСЧП одлучи по вкупно 481 апликации против Северна Македонија (за разлика од 2023 година кога овој број изнесуваше 340).

Во 2024 година ЕСЧП прогласи за недопуштени или симна од листата на сопствени предмети вкупно 180 апликации против државата, за разлика од претходната 2023 година кога бројот беше 432. Иако, најчесто поради неисполнување на определени формални претпоставки (како на пр. непочитување на роковите за поднесување на апликациите или неискористување на домашните правни средства пред поднесување на апликацијата), кај овој вид на апликации кои завршуваат како недопуштени, Судот е спречен да ја испитува основаноста на истите (најголемиот дел од нив и без да се достават на одговор до државата, во случај кога одлучува судија поединец), не треба да се исклучи можноста дека тие сепак разоткриваат сериозни повреди на ЕКЧП. Покрај тоа со симнување на листата од предмети завршуваат и апликациите за кои ЕСЧП донесува одлука врз основа на постигната спогодба помеѓу странките или врз основа на еднострана декларација со која државата ја признава повредата на Конвенцијата.

Во текот на 2024 година пред различните судски формации на ЕСЧП беа распоредени вкупно 328 апликации против Република Северна Македонија, што е незначително намалување во однос на претходната 2023 година кога овој број изнесуваше 335, а во 2021 година беа 367 апликации.

Во текот на 2024 година до Бирото за застапување на Република Северна Македонија на одговор беа доставени вкупно 44 апликации. Овој број во 2023 изнесуваше 48, во 2022 овој број изнесуваше 24, во 2021 бројот на доставени апликации на одговор до државата изнесуваше 39, но истиот број во 2020 изнесуваше 139. Бројките треба да се анаизираат меѓутоа и низ призмата на сложеноста на предметите. Во последните години се почесто се доставуваат на одговор аплиакции кои покренуваат исклучително сложени прашања и имаат повеќекратни наводи за повреда на ЕКЧП. Повеќе за апликациите кои беа доставени на одговор до државата во текот на 2024 година и за наводите за повреда на ЕКЧП кои се покренуваат во нив, види **Анекс бр.1**.

Во текот на годината беа донесени вкупно 10 пресуди против Република Северна Македонија за вкупно 12 апликации (имајќи предвид дека за некои од нив Судот ја спои постапката). Во сите 10 пресуди беше констатирана повреда на ЕКЧП (подетално за пресудите и одлуките на ЕСЧП види подолу).[6]

## 3. ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕСЧП ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Откако државата ја ратификуваше Европската конвенција за човекови права на 10 април 1997 година, Европскиот суд за човекови права има донесено 212 пресуди и 566 финални одлуки за допуштеност и одлуки за симнување на апликации од листата на предмети пред Судот во предмети против Северна Македонија. Од вкупниот број на пресуди против државата, 163 се усвоени од совет од 7 судии, 47 од комитет од тројца судии во т.н. „повторувачки" предмети или т.н. WECL - предмети на добро воспоставена судска пракса и 2 од страна на Големиот судски совет. Во текот на 2024 година, против нашата држава беа донесени 10 пресуди (по 12 апликации поднесени пред ЕСЧП)[7] и 18 одлуки (по вкупно 39 поднесени апликации)[8].

### 3.1. УТВРДЕНИ ПОВРЕДИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од вкупниот број на пресуди против државата, 129 пресуди се однесуваат на членот 6 од Конвенцијата, *правото на правично судење*, при што беа утврдени повреди во 123 предмети. Голем број од пресудите во врска со членот 6 се однесуваат на правото на судење во разумен рок. Судот зазема становиште дека апликантите најпрво треба да поднесат

---

[6] *НДИ Сопот С.А*, пресуда од 26 ноември 2024; *Захариев*, пресуда од 5 ноември 2024; *Димитров*, пресуда од 22 октомври 2024; *Шапкароски и Каневче*, пресуда од 22 октомври 2024; *Влаисављевиќ*, пресуда од 25 јуни 2024; *Митревска*, пресуда од 14 мај 2024; *Илјаз*, пресуда од 20 февруари 2024, *Жежовски*, пресуда од 6 февруари 2024; *Пешов и Ристовски*, пресуда од 16 јануари 2024 и *Василевски*, пресуда од 16 јануари 2024

[7] Ibid.

[8] *Даневски*, одлука од 19 декември 2024; *Имморекс Македонија ДОО Скопје*, одлука од 17 октомври 2024; *Трпковски*, одлука од 24 октомври 2024; *Белова и други*, одлука од 10 октомври 2024; *Маџовски*, одлука од 10 октомври 2024; *Бетон АД Скопје и Специјал Продукт ДООЕЛ Скопје*, одлука од 13 јуни 2024; *Иванова*, одлука од 13 јуни 2024; *Ангелов*, одлука од 16 мај 2024; *Магделиниќ*, одлука од 25 април 2024; *Асан*, одлука од 28 март 2024; *Цветкоски*, одлука од 28 март 2024; *Китановски*, одлука од 28 март 2024; *Антовски*, одлука од 22 февруари 2024; *Фабрика Карпош АД и други*, одлука од 22 февруари 2024; *Ицковска и други*, одлука од 18 јануари 2024; *Клечкароска и други*, одлука од 18 јануари 2024; *Стојановски и други*, одлука од 18 јануари 2024; 2002 *Евро бус увоз-извоз Прилеп ДОО*, одлука од 18 јануари 2024.

барање за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд, што се смета за ефикасен правен лек, пред да го поднесат нивниот случај пред него.[9]

Многу граѓански и управни предмети покренаа прашања што се однесуваа на непристрасноста[10], начелото на еднаквост на оружјата[11], отсуството на правна сигурност и конзистентна судска пракса[12], отсуството на доволно образложение на судските одлуки[13], правото на пристап до суд[14], правото на усна расправа[15], арбитрерност на постапката,[16] целосно отсуство на правичност на постапката (*denial of fear hearing*).[17] Од друга страна, презумпцијата на невиност[18], еднаквоста на оружјата и правото на одбрана во врска со допуштеноста на исказите од отсутни или сведоци со прикриен идентитет (загрозени) сведоци[19] и присуството на обвинетиот на рочиште[20], оценката на вештите наоди и мислења[21], правото на усна расправа[22], допуштеноста на незаконито стекнати докази[23], користењето на агент провокатор[24] и правото на толкувач[25], недопуштеноста на докази[26], неможноста да се добие повторно судењето по осуда во отсуство[27], несоодветно образложените причини за осуда[28] беа адресирани во многу кривични предмети пред ЕСЧП, вклучително и во прекршочни предмети.

Повреда е утврдена во 16 пресуди кои се однесуваат на членот 1 од Протоколот бр. 1, кој го гарантира *правото на сопственост*, поради поништувањето на конечно решение со кое е признаено право на пензија[29], одбивањето да се врати во сопственост во постапка за денационализација одземената земјишна парцела, иако биле исполнети законските услови[30], недоволниот надоместок за експропријација на земјиштето на апликантите во

---

[9] *Аџи-Спиркоска и други*, одлука на совет од 3 ноември 2011 година.

[10] *НДИ Сопот*, пресуда од 26 ноември 2024, *Стојменовиќ и Милошевиќ*, пресуда од 25 март 2021 година, *Митров*, пресуда од 2 јуни 2016 година; *Митриновски*, пресуда од 30 април 2015 година; *Бајалџиев*, пресуда од 25 октомври 2011 година; *Николов*, пресуда од 20 декември 2007 година.

[11] *Бајиќ*, пресуда од 10 јуни 2021 година, *Тасева-Петровска*, пресуда од 11 јануари 2018 година; *Наумоски*, пресуда од 27 ноември 2012 година; *Грозданоски*, пресуда од 31 мај 2007 година.

[12] *Крстаноски и други*, пресуда од 7 декември 2017 година; *Стоилковска*, пресуда од 18 јули 2013 година.

[13] *Билески*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Атанасовски*, пресуда од 14 јануари 2010 година; *АСП ПП ДООЕЛ*, пресуда од 6 јуни 2019 година, *Шапкароски и Каневче*, пресуда од 22 октомври 2024 година

[14] *Китановска и Барбуловски*, пресуда од 9 мај 2023 година, *Проданов*, пресуда од 10 јуни 2021 година, *Адиловска*, пресуда од 23 јануари 2020 година; *Центар за развој на аналитичка психологија*, пресуда од 15 јуни 2017 година; *Балажоски*, пресуда од 25 април 2013 година; *Спасовски*, пресуда од 10 јуни 2010 година; *Демерџиева и други*, пресуда од 10 јуни 2010 година; *Борис Стојановски*, пресуда од 6 мај 2010 година; *Петкоски и други*, пресуда од 8 јануари 2008 година; *Фетаовски*, пресуда од 19 јуни 2008 година. Повреда во оваа смисла не беше утврдена во *Ивановски*, пресуда од 21 јануари 2016 година.

[15] *Билески*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Селмани и други*, пресуда од 9 февруари 2017 година; *Миткова*, пресуда од 15 октомври 2015 година.

[16] *Жежовски*, пресуда од 6 февруари 2024 година

[17] *Талевска и Трпческа,* пресуда од 28.06.2022 година.

[18] *Милачиќ*, пресуда од 14 октомври 2021 година (во кој не беа утврдени повреди во овој поглед), *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Полетан и Азировиќ*, пресуда од 12 мај 2016 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година.

[19] *Бошкоски*, пресуда од 4 јуни 2020 година; *Зибери*, пресуда од 6 јуни 2019 година; *Асани*, пресуда од 1 февруари 2018 година; *Дончев и Бургов*, пресуда од 12 јуни 2014 година; *Иљази*, пресуда од 3 октомври 2013 година; *Пападакис*, пресуда од 26 февруари 2013; *Трампевски*, пресуда од 10 јули 2012 година; *Атанасов (бр. 2)*, пресуда од 19 април 2011 година; *Солаков*, пресуда од 31 октомври 2001 година.

[20] *Димчевска*, пресуда од 4 април 2023 год *Ефтимов*, пресуда од 2 јули 2015; *Атанасов*, пресуда од 17 февруари 2011; *Настеска*, пресуда од 27 мај 2010; *Митревски*, пресуда од 21 јуни 2006.

[21] *Душко Ивановски*, пресуда од 24 април 2014 година; *Стоименов*, пресуда од 5 април 2007 година.

[22] *Костовски*, пресуда од 07.06.2022 година, *ТРАНСКОП АД Битола*, пресуда од 1 април 2021 година.

[23] *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015 година.

[24] *Ѓоргиевски*, пресуда од 16 јули 2009 година.

[25] Повреда не беше утврдена во *Сандел*, пресуда од 27 мај 2010 година.

[26] *Костовски*, пресуда од 07.06.2022 година.

[27] *Димчевска*, пресуда од 4 април 2023 година.

[28] Захариев, пресуда од 5 ноември 2024 година

[29] *Ромева*, пресуда од 12 декември 2019 година.

[30] *Насков и други*, пресуда од 12 декември 2023 година, *Стојановски и други*, пресуда од 23 октомври 2014 година и пресуда од 7 февруари 2019 година во однос на материјалната штета во конкретниот случај

корист на правно лице[31], одземањето на возила кои биле употребени како средства за извршување на кривично дело или прекршок[32], недозволувањето на одбивка на ДДВ на компанијата – апликант[33], неизвршување во контекст на извршна постапка[34], одземање на предмет од прекршочна постапка која во меѓувреме застарела[35]. Во случајот на исклучените корисници од топлинска енергија во колективните објекти за домување кои беа обврзани да плаќаат паушал на снабдувачот, Судот исто така утврди дека државата сторила повреда на правото на сопственост[36]. Вонредното поништување на конечно и правосилно решение за денационализација, што имало за цел да се исправат „очигледните пропусти" на управните органи не претставуваше повреда[37].

Судот донесе 4 пресуди за членот 2, *правото на живот*[38], утврдувајќи повреда дури и кога не настапила смрт, туку на апликантот само му била нанесена повреда од страна на полициски службеник[39]. Повреда не беше констатирана во случај на дејствија или пропуштања на лица инволвирани во непријавување на кривично дело, што имало за последица смрт на синот на апликантката кој бил убиен од припадник на специјалните полициски сили[40]. 18-месечното одложување на извршувањето на затворската казна на сторителот се сметаше за составен дел од процедуралната обврска на државата од членот 2[41].

Во 15 пресуди во врска со членот 3, *забрана на мачење*, Судот утврди прекршување во процедуралниот дел.[42] Во многу предмети, Судот потенцираше дека од жртвите на наводни повреди не се бара самите да покренат гонење на овластените службени лица на државата, туку должност на обвинителот е да го испита апликантот и да ги земе предвид сите докази, односно да спроведе ефективна истрага[43], а во еден предмет Судот го сметаше за претеран формализам инсистирањето апликантот да го открие идентитетот на сите полициски службеници против кои тој поднел кривична пријава[44]. Освен тоа во *Ел-Масри* и во *Хајрулаху,* Судот го

---

[31] *Арсовски,* пресуда од 15 јануари 2013 година и пресуда од 7 февруари 2019 година во однос на материјалната штета во конкретниот случај.
[32] *Радика превози ДОО Љубљана*, пресуда од 21.03.2023 година; *Анев и Најдовски*, пресуда од 3 септември 2020 година; *Јакимовски и Кари превоз,* пресуда од 14 ноември 2019 година; *Анастасов*, пресуда од 26 септември 2019 година; *Василевски*, пресуда од 28 април 2016 година; *Андоноски,* пресуда од 17 септември 2015 година. Не беше утврдена повреда во *Сулејмани*, пресуда од 28 април 2016 година
[33] *Авто Атом Доо Кочани,* пресуда од 28 мај 2020 година; *Евромак Метал Доо,* пресуда од 4 септември 2019
[34] *Јануловски,* пресуда од 3 јули 2007
[35] *Димитров*, пресуда од 22 октомври 2024
[36] *Китановска и Трајковски*, пресуда од 14.11.2023 година; *Стрезовски*, пресуда од 27 февруари 2020 година.
[37] *Спиридоновска и Поповски*, пресуда од 19 октомври 2017 година; *Толески*, пресуда од 15 јуни 2017 година; *Викентијевиќ*, пресуда од 6 февруари 2014 година.
[38] *Китановска-Станојковиќ и други*, пресуда од 13 октомври 2016 година; *Нешкоска*, пресуда од 21 јануари 2016 година; *Китановски*, пресуда од 22 јануари 2015 година; *Сашо Ѓоргиев,* пресуда од 19 април 2012 година.
[39] *Сашо Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012 година.
[40] *Нешкоска,* пресуда од 21 јануари 2016 година.
[41] *Китановска-Станојковиќ и други,* пресуда од 13 октомври 2016 година.
[42] *Илјаз*, пресуда од 20 февруари 2024, *Трендафиловски*, пресуда од 17 декември 2020 година; *Х и У*, пресуда од 5 ноември 2020 година, Л.Р., пресуда од 23 јануари 2020 година; *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018 година; *Асллани*, пресуда од 10 декември 2015 година; *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015 година; *Андоновски*, пресуда од 23 јули 2015 година; *Китановски*, пресуда од 22 јануари 2015 година; *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година; *Ѓоргиев*, пресуда од 19 април 2012 година; *Сулејманов*, пресуда од 24 април 2008 година; *Џеладинов и други*, пресуда од 10 април 2008 година; *Трајкоски и други*, пресуда од 7 февруари 2008 година; *Јашар*, пресуда од 15 февруари 2007 година.
[43] *Трендафиловски,* пресуда од 17 декември 2020 година; *Х и У,* пресуда од 5 ноември 2020 година.
[44] *Трајкоски*, пресуда од 7 февруари 2008 година.

квалификуваше постапувањето како тортура, со оглед дека на апликантот му се заканувале со цел да извлечат признание, што му предизвикало емоционална, психолошка и физичка болка и страдање[45]. Врзувањето со лисици на душевно болна апликантка во текот на нејзиниот транспорт до болница претставуваше деградирачки третман со кој се прекршува суштинскиот аспект од членот 3[46]. Судот утврди повреда на материјалниот аспект на членот 3 од Конвенцијата и деградирачки третман и во случајот на несоодветната грижа на ментално болно осумгодишно дете кое над една година и девет месеци било сместено во установа несоодветна за неговата здравствена состојба[47], а во врска со истиот случај констатираше повреда поради отсуство на ефикасна истрага, како меѓународна обврска на државата. ЕСЧП во 2023 година утврди повреда на материјалниот аспект на членот 3 поради отсуство на пристап до храна, вода и тоалет на апликантите, сите сексуални работници, во периодот додека биле задржани во полициска станица[48].

Во врска со загарантираната *забрана на дискриминација* според Конвенцијата, во еден случај, Судот утврди повреда на членот 14 во врска со членот 3 поради неуспехот на домашните власти да ги истражат наводите на апликантот за расно мотивирана полициска бруталност[49], а во еден случај Судот утврди повреда на членот 14 во врска со членот 2 од Протоколот број 1 од ЕКЧП поради тоа што не била спречена сегрегација на деца Роми во две државни основни училишта во Битола и Штип[50]. Во текот на 2023 година, Судот утврди дека била сторена дискриминација во врска со случај во кој било забрането правото на слобода на движење на апликантите кои биле од ромска етничка припадност[51].

Повреди беа констатирани во 14 пресуди кои се донесени за членот 5, *правото на слобода и безбедност*[52]. Пресудата на Големиот совет во *Ел-Масри против Македонија*[53] се однесуваше на арбитрерното *incommunicado* притворање на германски државјанин, неговото „вонредно предавање“ и неговиот трансфер во Авганистан, каде тој бил малтретиран. Освен предолгото траење на притворите и необразложеноста на притворските решенија[54], ЕСЧП го дискутираше и правото на обвинетиот ефективно да учествува во постапката во која неговиот иницијален куќен притвор бил заменет со

[45] *Хајрулаху*, пресуда од 29 октомври 2015 година.
[46] *Илиевска*, пресуда од 7 мај 2015 година.
[47] *Л.Р.*, пресуда од 23 јануари 2020 година.
[48] *Д.Х. и други*, пресуда од 18 јули 2023 година.
[49] *Мемедов*, пресуда од 24 јуни 2021 година.
[50] *Елмазова и други*, пресуда од 13.12.2022 година.
[51] *Мемедова и други*, пресуда од 24 октовмри 2023 година.
[52] *Василевски*, пресуда од 16 јануари 2024, *Пешов и Ристовски*, пресуда од 16 јануари 2024, *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Доцевска-Божиновска*, пресуда од 9 мај 2023 година; *Сејдији*, пресуда од 7 јуни 2018 година; *Селами и други*, пресуда од 1 март 2018 година; *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година; *Велинов*, пресуда од 19 септември 2013 година; *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година; *Василкоски и други*, пресуда од 28 октомври 2010 година; *Митрески*, пресуда од 25 март 2010 година; *Трајче Стојановски*, пресуда од 22 октомври 2009 година; *Лазороски*, пресуда од 8 октомври 2009 година.
[53] *Ел-Масри*, пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година.
[54] *Јанакиески*, пресуда од 14 ноември 2023 година; *Сејдији*, пресуда од 7 јуни 2018 година; *Рамковски*, пресуда од 8 февруари 2018 година; *Миладинов и други*, пресуда од 24 април 2014 година; *Василкоски и други*, пресуда од 28 октомври 2010 година.

притвор[55], отсуството на разумно сомнение дека апликантот сторил кривично дело[56], незаконитото апсење поради наводно непридржување кон налогот на судот за плаќање на глоба и неинформирањето на апликантот за причините за неговото апсење[55], недоделувањето на (доволен) надоместок поради незаконитото лишување од слобода (и мачењето на апликантот за време на лишувањето од слобода)[57], како и неоправданото континуирано задржување во психијатриска установа[58]; долгото траење на постапките за судски надзор над определениот притвор/куќен притвор на апликантите[59], како и повреда на членот 5 поради неможноста апликантите да ги оспорат поднесоците на јавниот обвинител во постапката за притвор бидејќи истите не им биле доставени во редовната постапка[60].

Повреда беше утврдена во 11 од 12 пресуди за членот 8, *правото на почитување на приватниот и семејниот живот*, што ги опфати одбивањето на промена на етничката припадност во Судскиот изборен именик во тек на оглас[61], одбивање на барањето на трансродово лице за промена на полот во матичната евиденција[62], правото на почитување на угледот[63], неизвршувањето на решенијата за одржување на контакти помеѓу родителите и нивните деца[64], моралниот и физичкиот интегритет на личноста[65], временски неопределеното чување на ДНК-примероци на осудени лица и недостаток на можност да се побара бришење на истите[66] и прибавување на доверливи медицински податоци на апликантите од страна на полицијата без доволно заштитни мерки за нивно обелоденување[67], фотографирање на апликантите - сексуални работници додека биле во притвор и објавување на фотографиите од страна на МВР[68], неможноста на апликантката, која била посвоена како дете, да добие информации за нејзиното биолошко потекло и здравствени податоци за нејзините биолошки родители[69], неуспехот на домашните судови да обезбедат ефикасна заштита на правото на апликантот на почитување на неговиот приватен живот во врска со задржувањето и користењето на неговите лични податоци од страна на приватен снабдувач со топлинска енергија, кој постојано му испраќал фактури за постојан надомест за греење и покрај неговите приговори дека не бил корисник на услугите на добавувачот.[70]

[55] *Велинов,* пресуда од 19 септември2013 година.
[56] *Лазороски,* пресуда од 8 октомври 2009 година.
[57] *Селами и други,* пресуда од 1 март 2018 година; *Велинов,* пресуда од 19 септември 2013 година.
[58] *Трајче Стојановски,* пресуда од 22 октомври 2009 година.
[59] *Јанакиески,* пресуда од 14 ноември 2023 година; *Доцевска-Божиновска,* пресуда од 9 мај 2023 година.
[60] *Пешов и Ристовски,* пресуда од 16 јануари 2024, *Доцевска-Божиновска,* пресуда од 9 мај 2023 година.
[61] *Тасев,* пресуда од 16 мај 2019 година.
[62] *X,* пресуда од 17 јануари 2019 година.
[63] *Карајанов,* пресуда од 6 април 2017 година; *Ивановски,* пресуда од 21 јануари 2016 година; *Поповски,* пресуда од 31 октомври 2013 година.
[64] *Олури,* пресуда од 16 јануари 2020 година, *Митови,* пресуда од 16 април 2015 година. Спротивно на тоа, повреда во овој поглед не беше утврдена во *Митрова и Савиќ,* пресуда од 11 февруари 2016 година.
[65] *Ел-Масри,* пресуда на Големиот судски совет од 13 декември 2012 година.
[66] *Трајковски и Чиповски,* пресуда од 13 февруари 2020 година.
[67] *Ј.М. и А.Т.,* пресуда од 22 октомври 2020 година.
[68] *Д.Х. и други,* пресуда од 18 јули 2023 година.
[69] *Митревска,* пресуда од 14 мај 2024 година
[70] *Влаисављевиќ,* пресуда од 25 јуни 2024 година

Во вкупно 4 пресуди против државата беше утврдена повреда на членот 10 од Конвенцијата, кој го гарантира *правото на слобода на изразување* – поради присилното отстранување на новинарите од собраниската галерија додека тие известувале за дебатата за одобрување на државниот буџет за 2013 година[71]; во еден случај во кој беше утврдена кривична одговорност на апликантот за клевета, Судот констатираше дека таквата осуда имала обесхрабрувачки ефект во однос на политичката дебата како основа за функционирање на демократијата[72]; Судот утврди повреда и во случајот на колумнист кој беше кривично осуден за клевета за критикување на новинар во негова колумна[73]; во еден случај против државата Судот утврди повреда на слободата на изразување бидејќи одлучувањето на граѓанскиот суд за надомест на штета против апликантите, кои како новинари пренеле и цитирале информација за јавен функционер во тоа време, сепак постапувале со потребното внимание кое го бара одговорното новинарство известувајќи за прашање од јавен интерес и не може да се сметаат за одговорни поради неможноста да ја утврдат вистината за спорните наводи, како и поради тоа што висината на досудените износи за надомест на штета влијаела обесхрабрувачки во однос на отворената дискусија на теми од јавно значење“[74].

Само еден случај по членот 11 според кој е загарантирана *слободата на собирање и здружување* се однесуваше на престанок на граѓанско здружение[75], додека 4 случаи вклучуваа забрана за регистрирање на верски заедници (повреда на членот 11 во врска со членот 9)[76].

Во текот на 2023 година, ЕСЧП во 1 случај утврди повреда на членот 2 од Протоколот број 4 кој ја гарантира слободата на движење[77], а во 1 случај Судот утврди повреда на членот 1 од Протоколот број 7 кој ги предвидува процедуралните гаранции во случај на протерување на странци, откако слична повреда беше утврдена и претходно во 2018 година[78].

---

[71] *Селмани и други*, пресуда од 9 февруари 2017 година.
[72] *Макрадули*, пресуда од 19.07.2018 година.
[73] *Гелевски*, пресуда од 8 октомври 2020 година.
[74] *Костова и Апостолов*, пресуда од 05.04.2022 година.
[75] *Здружение на граѓани „Радко“ и Паунковски*, пресуда од 15 јануари 2009 година.
[76] *Ставропигијален манастир „Свети Јован Златоуст“*, пресуда од 29 ноември 2018 година; *„Црква на вистинските православни христијани“* и *Ивановски*, пресуда од 29 ноември 2018 година; *„Бекташка заедница“ и други*, пресуда од 12 април 2018 година; *„Православна охридска архиепископија (Грко-православна охридска архиепископија на Пеќката патријаршија)“*, пресуда од 16 ноември 2017 година.
[77] *Мемедова и други*, пресуда од 24 октовмри 2023 година.
[78] *С.Б.*, пресуда од 30 ноември 2023 година; *Љатифи*, пресуда од 17 мај 2018

# 4. ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 2024 ГОДИНА




## 4.1. ПРЕСУДИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од 10 пресуди против државата донесени во текот на 2024 година, 4 пресуди беа усвоени од совет од седум судии[79], а 6 од комитет од тројца судии[80]. Во четири случаи Судот најде повреда на членот 6[81], во еден случај ЕСЧП утврди повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 од Конвенцијата[82], во два случаи беше утврдена повреда на членот 5 од ЕКЧП кој го гарантира правото на слобода и безбедност[83], во два случаи беше повредено правото на почитување на приватноста гарантирано со членот 8 од ЕКЧП[84], а во еден случај Судот утврди повреда на членот 3 која ја гарантира забраната за тортура.[85]

ЕСЧП во текот на 2024 година ги донесе следните пресуди против државата:

***Во случајот*** **Пешов и Ристовски против Северна Македонија (А. бр. 18678/18 и 19821/20)** двете апликации беа поднесени од страна на двајца апликанти во врска со притворот, односно куќниот притвор во две различни кривични постапки во врска со инцидентот што се случи на 27 април 2017 година во Собранието на државата, односно притворот на г. Пешов во периодот

[79] *НДИ Сопот С.А*, пресуда од 26 ноември 2024; *Захариев*, пресуда од 5 ноември 2024; *Влаисављевиќ*, пресуда од 25 јуни 2024; *Митревска*, пресуда од 14 мај 2024 година

[80] *Димитров*, пресуда од 22 октомври 2024; *Шапкароски и Каневче*, пресуда од 22 октомври 2024; *Илјаз*, пресуда од 20 февруари 2024, *Жежовски*, пресуда од 6 февруари 2024; *Пешов и Ристовски*, пресуда од 16 јануари 2024 и *Василевски*, пресуда од 16 јануари 2024

[81] *НДИ Сопот С.А*, пресуда од 26 ноември 2024; *Захариев*, пресуда од 5 ноември 2024, *Шапкароски и Каневче*, пресуда од 22 октомври 2024, *Жежовски*, пресуда од 6 февруари 2024

[82] *Димитров*, пресуда од 22 октомври 2024 година

[83] *Пешов и Ристовски*, пресуда од 16 јануари 2024 и *Василевски*, пресуда од 16 јануари 2024 година

[84] *Влаисављевиќ*, пресуда од 25 јуни 2024; *Митревска*, пресуда од 14 мај 2024 година

[85] *Илјаз*, пресуда од 20 февруари 2024 година

од 30 ноември 2017 до 5 октомври 2018 (во траење од повеќе од 10 месеци) и куќниот притвор на г. Ристовски помеѓу 30 јули 2019 година и 21 август 2020 година (во траење од 1 година и 22 дена), период во кој куќниот притвор на апликантот бил продолжуван 14 пати. ЕСЧП констатираше дека во периодот кој е предмет на оценка од страна на ЕСЧП, ризикот од бегство на апликантите бил образложен од страна на домашните судски органи само со тежината и сериозноста на делата кои им се ставале на товар, политичкиот мотив на истите, целта и начинот на сторување или последиците на делата, како и со степенот на нивната одговорност и сериозноста на запретената казна, без притоа да се изложат било какви конкретни факти во поддршка на опасноста од нивно бегство. На личните околности на апликантите домашните судови се осврнале само со цел на сумарен начин да заклучат дека тие околности не можат да доведат до поинаков исход во одлучувањето и да го обезбедат нивното присутво во текот на постапката. ЕСЧП дополнително заклучи дека домашните судски органи не направиле процена на карактерот на апликантите или однесувањето во текот на претходните фази на постапката. Ризикот од мешање во истрагата, како дополнителен основ поради кој притворот на г. Пешов бил продолжуван од страна на домашните судови во периодот меѓу 30 ноември 2017 година и 26 март 2018 година, не бил поткрепен со повикување на какви било фактички докази. Овие констатации беа доволни ЕСЧП да заклучи дека постои повреда на членот 5 став 3 од ЕКЧП во однос на двајцата апликанти.

Имајќи ги предвид општите принципи изградени во праксата на ЕСЧП дека постапките кои потпаѓаат под членот 5 од ЕКЧП, вклучително и постапките за определување и продолжување на притворот, односно куќниот притвор, мора да бидат контрадикторни и секогаш мора да обезбедуваат „еднаквост на оружјата" меѓу странките, обвинителот и притвореното лице, односно лицето засегнато со мерката за обезбедување на присуство и во кои „брзо" мора да се донесе одлука за законитоста на мерката, ЕСЧП констатираше и повреда на членот 5 став 4 од ЕКЧП во однос на двајцата апликанти и тоа, во однос на апликантот Пешов поради тоа што не му била обезбедена „еднаквост на оружјата" во однос на задоцнетата достава на жалбата против решението за куќен притвор од 28 ноември 2017 година поднесена од јавниот обвинител до апликантот, која му била доставена на адвокатот на апликантот дури откако советот на Основниот кривичен суд одлучил по таа жалба и решението за куќен притвор го заменил со притвор и поради тоа што постапката за оценување на законитоста на решението од 26 јануари 2018 година за продолжување на притворот пред Апелациониот суд траела дури 22 дена. Во однос на апликантот Ристовски од причина што му било повредено правото на контрадикторна постапка бидејќи не му биле доставени копии од поднесоците на Вишиот јавен обвинител како одговор на жалбите од вториот апликант против 10-те континуирани продолжувања на неговиот куќен притвор.

Апликантот **Василевски (А.бр. 27509/18)** се жалеше според член 5 став 4 од Конвенцијата дека барањето на јавниот обвинител од 27 ноември 2017 година, како и поднесоците на Вишиот јавен обвинител како одговори на жалбите на апликантот против одлуките за притвор и продолжување на притворот, не му биле доставени. Имајќи ги предвид општите принципи изградени во праксата на ЕСЧП дека постапките кои потпаѓаат под членот 5 од ЕКЧП, вклучително и постапките за определување и продолжување на притворот, мора да бидат контрадикторни и секогаш мора да обезбедуваат „еднаквост на оружјата" меѓу странките, обвинителот и притвореното лице, односно лицето засегнато со мерката за обезбедување на присуство, а со оглед дека Вишиот јавен обвинител дал писмен одговор на жалбата на апликантот против решението за продолжување на неговиот притвор, кој што не му бил доставен на апликантот или на неговите адвокати, Судот констатираше повреда на членот 5 став 4 од ЕКЧП, независно од фактот што во меѓувреме пред Апелациониот суд Скопје пред одлучувањето, била одржана седница во присуство на адвокатот на апликантот и јавниот обвинител, на која Вишиот јавен обвинител само упатил на претходно доставениот писмен одговор. Во согласност со својата добро воспоставена судска пракса, ЕСЧП заклучи дека во конкретниот случај е доведена во прашање можноста адвокатот да добие „реална можност" да се запознае со поднесокот на обвинителството и да се спротистави на неговите наводи, која во условите отсуствувала, независно дури и од можноста адвокатот да изврши увид во списите од предметот и независно што тој не го покренал прашањето на недоставување на одговорот од Вишото јавно обвинителство пред Апелациониот суд.

Предметот **Жежовски (А. бр. 52572/18)** се однесува на наводна арбитрерност во одлучувањето на домашните судови во постапката за противизвршување, во спротивност со членот 6 од Конвенцијата. Имено, на 7 ноември 2013 година, Основниот суд во Битола го задолжил апликантот да плати трошоци на тужениот. Таа одлука била спроведена. Во јуни 2017 година, станало правосилно укинувањето на клаузулата за правосилност и извршност на извршната одлука, со што таа одлука станала подложна на измени во постапка по жалба. На 17 октомври 2017 година, Апелациониот суд Битола ја укинал извршната одлука. Додека горенаведената постапка сѐ уште била во тек, апликантот поднел предлог за противизвршување против тужениот, барајќи враќање на износот што го платил. Случајот во два наврати бил вратен на повторно одлучување, при што апликантот на првостепениот суд му испратил копија од одлуката на апелациониот суд од 17 октомври 2017 година. Првостепениот суд делумно го усвоил предлогот односно барањето на апликантот, имајќи предвид дека клаузулата за правосилност на извршната одлука била укината. На 20 април 2018 година, апелациониот суд ја укинал одлуката од 22 јануари 2018 година и го одбил предлогот на апликантот, заклучувајќи дека укинувањето на клаузулата за правосилност не било основ за противизвршување и дека

немало докази дека извршната одлука била правосилно укината. Судот заклучи дека второстепениот суд направил очигледна грешка при утврдување на фактичката состојба со предвид на одлуката од 17 октомври 2017 година. и дека во одлуката на апелациониот суд нема индиции дека тој сметал дека, со поднесувањето на одлуката од 17 октомври 2017 година, апликантот го преиначил или излегол надвор од првично поднесениот предлог за противизвршување. Поради наведеното, Судот утврди повреда на членот 6 § 1 од Конвенцијата.

Апликантот **Илјаз (А.бр. 53040/19)** тврдел дека постоело пропуст од страна на домашните власти да ги истражат наводите за физички напад и закани упатени кон него од страна на физичко лице. Според апликантот, утрото на 29.10.2017 година, неговиот сосед го удрил со тупаница по лицето, со дрвена палка по главата и телото и вербално му се заканил. Детето на апликантот било присутно и било сведок на нападот. Во медицинската белешка издадена истото утро, *inter alia*, било наведено дека апликантот бил „повреден во физички напад од луѓе со познат идентитет, [бил] удиран со палка“. Апликантот пријавил во полиција дека С.Ф. го спречил да гласа, поточно дека го предупредил да не гласа за одреден кандидат и да не превезува гласачи и физички го нападнал. Полицијата извршила увид на лице место, фотографирала, извршила претрес во автомобилот на С.Ф. и земала изјави од повеќе лица, меѓу кои и сопругата и мајката на апликантот. Откако апликантот, неговата сопруга и С.Ф. биле сослушани пред јавен обвинител, на 21 март 2018 година истиот ја одбил кривичната пријава против С.Ф. поради недостаток на докази, засновајќи го неговиот заклучок на подоцнежните изјави кои ги дале тројцата, како и на фактот дека полицијата не пронашла инструменти за сторено дело во автомобилот на С.Ф. Обвинителот ги разгледал фотографиите и медицинските документи и утврдил дека апликантот имал „отворена рана на главата“. Во јули 2018 година, апликантот поднел нова кривична пријава против С.Ф. поради попречување да го оствари своето право на глас, насилство и влијание врз сведоци, истовремено пријавувајќи дека во февруари и март 2018 година, С.Ф. му се заканувал да ја промени првичната изјава. Во октомври истата година, јавниот обвинител го сослушал апликантот, ги разгледал списите на предметот и ја одбил новата кривична пријава, заклучувајќи, во однос на наводот во врска со неговото право на глас, дека немало нови релевантни докази кои произлегувале од изјавата на апликантот од 5 октомври 2018 година; понатаму утврдил дека не биле откриени елементи на дела на насилство и влијание врз сведоци. Вишиот јавен обвинител го потврдил тој заклучок, повикувајќи се на изјавата на апликантот од 5 октомври 2018 година според која немало никакви закани или „немало сериозни закани“ по неговиот живот. Судот утврдил дека во понатамошната постапка, обвинителот само повторно го сослушал апликантот, но, без да преземе нови процедурални чекори, констатирал дека новата изјава на апликантот не содржела нови докази. Затоа, домашните органи не постапиле по предметот на апликантот со внимателен

надзор кој го бара членот 3 од Конвенцијата.

Повреда на правото на приватен живот на апликантката **Митревска (А. бр. 20949/21)** која како дете била посвоена во постапка за потполно посвојување, произлегла поради неуспехот на домашните власти да постигнат баланс меѓу спротивставените интереси во постапката за пристап до информации во врска со биолошкото потекло на апликантката и здравствени (медицински) информации за нејзините биолошки родители**.** Имено, во април 2017 година, апликантката побарала информации за нејзиното посвојување од Центарот за социјална работа во Скопје. Таа навела дека во 2014 година ѝ било дијагностицирано депресивно анксиозно растројство и проблеми со говорот и дека нејзините лекари побарале информации за семејната анамнеза (медицинската историја на нејзиното семејство) за да утврдат дали има наследна болест. Во јуни 2017 таа се обратила со дополнително барање, а со слично барање се обратила и до надлежната комисија за посвојување на која иницијално била упатена од страна на Центарот. И Комисијата и Центарот ја известиле апликантката дека согласно чл. 123-а од Законот за семејството, податоците за заснованите посвојувања биле службена тајна и поради тоа не биле во можност да дадат било каков податок за заснованото посвојување и дека во врска со нејзиното барање не можат да донесат формална одлука. По ова, апликантката поднела тужба за молчење на администрација. Тужбата била одбиена на две нивоа на управното судство со одлука од 2018 година, односно од 2020 година со образложение дека органите правилно ја известиле апликантката дека според членот 123-а од Законот за семејството, бараните информации се службена тајна и дека предметот не се однесува на прашање на правата гарантирани со Законот за семејството. Наводите на апликантката, ЕСЧП ги испитуваше од аспект на позитивната обврска на државата да обезбеди ефективно почитување на нејзините права заштитени со членот 8, кој го гарантира правото на приватен и семеен живот. ЕСЧП при констатирање на повредата на членот 8 од ЕКЧП ги зеде предвид причините поради кои апликантката ги барала податоците, односно нејзиниот интерес, фактот дека домашните институции не направиле обид да проверат дали биолошките родители на апликантката и нејзините посвоители изразиле желба податоците да останат тајна, како и општиот интерес рефлектиран во фактот дека од 2004 година кога во законодавството бил воведен членот 123-а од Законот за семејство, биолошките мајки имале очекување дека податоците за нив и нивните деца при раѓањето ќе останат тајна, фактот дека сите домашни институции кои одлучувале по барањето на апликантката единствено се повикале на одредбите од членот 123-а за тајноста на податоците во однос на потполното посвојување. ЕСЧП забележа дека иако домашните институции се повикале и на членот 6(1) од ЗОУП, кој го предвидува принципот на пропорционалност, тие не ги идентификувале интересите кои си конкурираат во случајот (оние на апликантката и општиот интерес) ниту го одмериле, односно, извршиле балансирање на општиот интерес наспрема интересот на апликантката и воопшто не се осврнале на причините

поради кои апликантката ги барала податоците за медицинската (здравствената) историја на нејзините биолошки родители. Во однос на членот 123-а од Законот за семејство, како и начинот на кој тој бил применуван и/или интерпретериран од страна на домашните институции, ЕСЧП констатираше дека членот 123-а, кој ја предвидува тајноста на информациите за посвојувањето, не предвидува можност за добивање на неидентификувачки информации (информации кои не го откриваат идентитетот за биолошкото потекло на посвоеникот, неговото посвојување или детство), ниту пак предвидува било каков исклучок од принципот на тајност поради медицински причини. Според ЕСЧП, ова било пречка домашните институции да направат оценка на аргументите на апликантката во однос на наводната потреба за добивање на медицинските податоци. ЕСЧП исто така констатираше отсуство на информации за законодавниот процес кој довел до воведување на членот 123-а во Законот за семејство во 2004 година, односно, податоци за тоа дали и како спротивставените интереси во прашање биле балансирани при законодавниот процес, а забележа и дека Уставниот суд во одлуката од 19.12.2019 година, иако ги зел предвид општиот и интересот на посвоениците, воопшто не го зел предвид интересот на возрасен посвоеник за добивање на информации за биолошкото потекло или за медицинската историја на своите биолошки родители. Конечно, ЕСЧП констатираше дека од аспект на членот 123-а фактот дали станува збор за потполно и непотполно посвојување е ирелевантен во однос на пристапот до информации во врска со посвојувањето. Во светло на горенаведеното, ЕСЧП констатираше дека домашните институции не направиле правилен баланс помеѓу спротиставените интереси во случајот поради што утврди повреда на членот 8 од ЕКЧП.

Жалбените наводи за повреда на ЕКЧП во предметот **Влаисављевиќ (А. бр. 23215/21)** се однесуваат на постапка која апликантот ја започнал со барање до Дирекцијата за заштита на личните податоци во февруари 2016 година со тврдење дека снабдувач со топлинска енергија Б. го повредил неговото право за заштита на личните податоци од причина што во неговиот стан немало инсталации на топлинска енергија, никогаш не склучил договор со снабдувачот Б. кој пак постојано му испраќал фактури за фиксен надомест и никогаш не дал согласност за употреба на неговите лични податоци. Дополнително, тој се повикал и на две првостепени пресуди од 2014 година и 2015 година донесени од страна на граѓанскиот суд, во кои бил прифатен приговорот на апликантот против платни налози издадени на барање на истиот снабдувач Б. Постапката продолжила пред управното судство и завршила со одлука на Вишиот управен суд од октомври 2020 година, кој постапувајќи по жалба на Дирекцијата поднесена преку Државното правобранителство, ја преиначил пресудата на Управниот суд од јануари 2019 година со која претходно ја уважил тужбата на апликантот против одлуката на Дирекцијата, со образложение прво, дека иако неспорно снабдувачот Б. личните податоци на апликантот ги добил врз основа на договор од 2013 година од претходниот снабдувач Ц., останало нејасно

како снабдувачот Ц. ги добил таквите податоци со оглед дека апликантот никогаш не бил приклучен на мрежата за снабдување со топлинска енергија, па оттука не можел да има статус на исклучен корисник и во оваа смисла се повикал на одлука на граѓанскиот суд од 2015 година во која тој го прифатил приговорот на апликантот против платен налог за наплата на фиксен надомест за снабдување со топлинска енергија, бидејќи никогаш не бил приклучен на мрежата, па затоа никогаш не бил исклучен од истата и никогаш немал склучено договор со снабдувачот Ц., и на правното мислење на Врховниот суд од февруари 2018 година во однос на тоа дека ваквите лица немаат статус на исклучени корисници на топлинска енергија, и второ дека во околностите снабдувачот Ц. немал право да ги собира, чува или да ги пренесува личните податоци на апликантот. Вишиот управен суд ја потврдил одлуката на Дирекцијата, меѓудругото повикувајќи се на договорот од 2013 година, лиценцата на снабдувачот Б. со образложение дека имотно правните односи, односно, должничко-доверителските односи меѓу апликантот и снабдувачот Б., биле ирелевантни за случајот. Во случајот на апликантот, ЕСЧП утврди дека личните податоци (име, адреса и информации за станот) кои биле собирани и користени од страна на снабдувачот со топлинска енергија Б. се однесуваат на неговиот приватен живот. Иако податоците биле достапни на јавната интернет страница на Државниот катастар, тоа не ги исклучува од заштита која ја пружа членот 8 од ЕКЧП. Имајќи го предвид периодот на обработка, ЕСЧП констатираше дека личните податоци на апликантот биле обработувани во период од најмалку осум години за цели на наплата на фиксниот надоместок. Понатаму, ЕСЧП утврди дека личните податоци на апликантот биле обработувани од приватна компанија, не од јавен орган, што не го доведува снабдувачот на топлинска енергија Б. во дефиницијата за јавен орган во смисла на членот 8 од Конвенцијата. ЕСЧП констатираше дека домашната правна рамка овозможувала собирање и користење податоци од страна на снабдувачите со топлинска енергија со цел да го наплатат фиксниот надомест за ангажирана моќност. ЕСЧП прифати дека ова овластување е оправдано од аспект на јавниот интерес, бидејќи има за цел да обезбеди правилно функционирање на системот за снабдување со топлинска енергија. Судот констатираше дека домашните судови утврдиле дека снабдувачот Б. ги добил личните податоци на апликантот од претходниот снабдувач Ц., врз основа на договорот од 2013 година, но и дека апликантот тврдел дека никогаш не бил во договорни односи со снабдувачот на топлинска енергија Ц., па оттука заклучил дека Ц. не можел соодветно да ги пренесе неговите лични податоци на снабдувачот со топлинска енергија Б. Исто така, ЕСЧП заклучи дека овој аргумент не бил разгледан од Вишиот управен суд при одлучувањето за случајот. ЕСЧП констатирал дека снабдувачот со топлинска енергија Б. ги користел личните податоци на апликантот за издавање на фактури и налози за плаќање, без да ги споделува со трети страни, но и дека со правилна одлука од 2017 година, домашните граѓански судови констатирале дека апликантот никогаш не бил приклучен на мрежата за

снабдување со топлинска енергија, што ја доведува во прашање оправданоста на чувањето и обработката на личните податоци на апликантот во светло на легитимните цели за наплата. Во секој случај, ЕСЧП констатираше дека при одлучувањето во врска со барањето и тужбата на апликантот за заштита на лични податоци, и Дирекцијата и Вишиот управен суд одбиле да ја разгледаат суштината на случајот и да направат сеопфатна оценка на конкретните околности, како што се отсуство на обврска за плаќање и дали постоел договорен однос меѓу апликантот и снабдувачот и дали во таквите околности континуираното чување и употреба на личните податоци на апликантот било оправдано во светло на легитимната цел.

Случајот **Шапкароски и Каневче (А.бр. 42520/17 и 50129/17)** се однесува на граѓанска постапка во која на апликантите, како тужени, им било наредено да ја пренесат сопственоста на делови од парцели и да платат одреден паричен износ, кои апликантите претходно ги добиле во постапката за денационализација, на барателите кои биле роднини по странична линија на апликантите. Вредноста на тие парцели и пари ја надминале вкупната вредност на наследството што апликантите го добиле постапката за денационализација. Имено, на 18 март 2014 година Основниот суд Охрид го уважил тужбеното барање против апликантите, наоѓајќи дека барателите исто така имале право да наследат делови од имотот што им бил вратен на апликантите, во различни проценти од неговата вкупна вредност. Соодветните делови, земени заедно, изнесуваат 1029/960 делови или 107,1875% од имотот. Апликантите поднеле жалба, а Апелациониот суд Битола ја потврдил првостепената пресуда. Апликантите поднеле барање за ревизија до Врховниот суд, повторувајќи ги жалбените наводи што ги покренале во нивните жалби. Првиот апликант поднел дополнување на неговото барање за ревизија во кое тврдел дека пониските судови им наложиле на апликантите да платат и да им префрлат на тужителите имот и пари што ја надминуваат вкупната вредност на наследството што било предмет на спорната постапка за 7,25 % и дека не само што биле лишени од сопствениот дел од наследството, туку за да им ги платат на барателите пресудените суми, тие требало од свој џеб да го дополнат имотот што претходно го добиле во наследство. На 26 октомври 2016 година Врховниот суд ги одбил барањата за ревизија на апликантите без изречно повикување на дополнувањето на првиот апликант. На 7 февруари 2017 година накратко го одбил неговото барање да донесе дополнителна пресуда, наоѓајќи дека иако изречно не се повикал на дополнувањето од 6 март 2015 година, „го зел предвид при процесот на одлучување, но утврдил дека тоа нема влијание врз донесување поинаква одлука“. На 5 јуни 2017 година првостепениот суд го одбил барањето за исправка на првостепената пресуда од 18 март 2014 година поднесена од двајца тужители, оценувајќи дека не може да направи таква корекција, што би значело измена на пресудата. ЕСЧП констатирал дека иако апликантите не ја спомenале оваа грешка во нивните жалби против пресудата на првостепениот суд, сепак, првиот апликант, во дополнувањето на неговото барање за ревизија до Врховниот суд, го покренал овој приговор,

кој, сепак, останал неодговорен од Врховниот суд во неговата пресуда од 26 октомври 2016 година. Поради ова, Судот заклучи дека Врховниот суд не извршил соодветно испитување и не обезбедил соодветно образложение во врска со приговорот на првиот апликант, како што се бара во членот 6 од Конвенцијата (види параграфи 16 и 17 погоре) поради што констатираше дека во конкретниот случај има повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата.

Случајот **Димитров (А.бр. 24030/19)** се однесува на одземање и последователна конфискација од страна на царинските органи на стерео засилувач на апликантот во царинска прекршочна постапка против апликантот, која последователно била запрена поради застареност. Имено, на 8 март 2009 година царинските органи привремено одзеле стерео засилувачот од апликантот во прекршочна постапка против него поради наводно неисполнување на соодветната постапка за увоз. На 20 јануари 2016 година прекршочната постапка беше запрена поради настапена застареност без апликантот да биде прогласен за виновен за какво било казниво дело. Царинските органи го одзеле стерео засилувачот. Тие се повикале на членот 100-а (3) и (4) од Кривичниот законик (применлив *mutatis mutandis* во прекршочната постапка) кој предвидувал дека предметите што биле користени или биле наменети за извршување на кривично дело може да се одземат доколку постои опасност тие повторно да бидат искористени за извршување кривично дело, дополнително, дека судот треба да донесе одлука за конфискација во постапки регулирани со закон, дури и кога, од фактички или правни причини, не е можно да се води кривична постапка против сторителот. По жалбата на апликантот, одлуката на царинските органи била потврдена од управните судови на две нивоа на надлежност. ЕСЧП утврдил дека стерео засилувачот на апликантот бил одземен во рамките на прекршочната постапка иако таа постапка била запрена поради застареност и без апликантот да биде прогласен за виновен за било каков прекршок вклучувајќи го и прекршокот на кој се повикуваше Владата, имено незаконски увоз на предметот; покрај конфискацијата на стерео засилувачот на апликантот, органите не повеле никаква кривична постапка против него освен прекршочната постапка во која тој не бил осуден; во рамките на прекршочната постапка не било разгледано, ниту пак релевантното домашно законодавство предвидувало таква можност, дали легитимната цел на тужената држава, имено да се спречи неконтролираниот увоз на предмети од странство, можела да биде постигната со некои други, помалку инвазивни средства; фактот што немало индикации дека апликантот некогаш бил осуден за кој било друг царински прекршок не бил земен предвид кога станува збор за прашањето за конфискација; немало индикации дека стерео засилувачот бил купен незаконски, или дека претходно бил користен за да се изврши прекршок, ниту, пак, постои нешто што сугерирало дека имало какви било причини за загриженост дека стерео засилувачот ќе се користи за извршување на дополнителни прекршоци. Притоа, апликантот доставил две пресуди од 6 јули 2016 година во кои Вишиот управен суд наредил да се вратат одземените предмети по запирањето на постапката поради настапена застареност, од што Судот

заклучил дека задолжителното одземање на предмети според членот 100а (3) и (4) не било бланкетна мерка и зависело од други елементи, на пример, дали тужителот барал враќање на предметот. Во такви околности, Судот констатираше дека одлуката за конфискација била непропорционална со тоа што му наметнала на апликантот прекумерен товар, поради што утврди дека има повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата.

Во случајот **Захариев (А. бр.26760/22)** ЕСЧП утврди повреда на Конвенцијата поради тоа што во случајот на апликантот, инаку бугарски државјанин и сопруг на лице кое било во определени периоди додека кривичната постапка против апликантот траела пред домашните органи, службеничка во Бугарскиот културно-информативен центар во рамките на бугарската амбасада и извесно дел од нејзиниот административен и технички персонал, врз основа на што, додека постапката против апликантот била во тек тој поседувал специјална лична карта која изрично нагласувала дека бил ослободен од кривичната јурисдикција на државата, домашните судови кои во случајот на апликантот одлучувале за неговата кривична одговорност на три нивоа на надлежност, не дале образложение и не се произнеле во однос на аргументите на истиот уживал имунитет од кривична јурисдикција според Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година. ЕСЧП притоа забележа дека домашните судови освен што не го испитале и не се произнеле во врска со конкретниот аргумент на апликантот, исто така не се повикале ниту на една одредба било од Виенската конвенција или друг акт, ниту на домашна ниту на меѓународна пракса, ниту пак дале правно образложение за тоа како дошле до заклучокот дека апликантот го изгубил имунитетот во моментот кога почнал во државата да се занимава со профиталбилна дејност за остварување на личен приход. Притоа, ЕСЧП забележа и дека одлучувањето на домашните судови било во услови на отсуство на билатерален договор помеѓу РСМ и Бугарија за дополнително регулирање на имунитетот од кривично гонење на семејствата на дипломатскиот персонал. ЕСЧП дополнително забележа дека долготрајното одлучување на домашните судови додека не заврши основата за имунитет практично ја прави залудна и беспредметна заштитата која произлегува од таквиот имунитет, како и дека апликантот се повикал на имунитетот повеќе од една година пред да му истече дипломатската лична карта и пред да заврши мандатот на неговата сопруга во Бугарскиот културно-информативен центар во рамките на бугарската амбасада. Поради наведеното, Судот констатираше повреда на членот 6 од ЕКЧП.

Во случајот иницииран од страна на правното лице со седиште во Полска **НДИ СОПОТ (А. бр. 6035/17)**, предмет во кој инаку полската Влада го искористи правото да се замеша, наводите за повреда на ЕКЧП се однесуваа на постапка за признавање на деловна арбитражна одлука на Меѓународниот суд за арбитража во Полска на Меѓународната стопанска комора во Париз во полза на компанијата апликант од Полска против домашна градежна компанија Г. Две нивоа на

надлежност (Основниот суд во Скопје и Апелациониот суд во Скопје), го одбиле барањето за признавање на делумната арбитражна одлука на компанијата апликант во принцип поради две причини. Првата причина е поради пропуст на компанијата апликант да достави доказ за правосилност/конечност на делумната арбитражна одлука, имајќи ги предвид одредбите од Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП) од 2007 година во важност во релеватниот период, дека оној кој го поднесува барањето за признавање треба да поднесе потврда за правосилност на одлуката чие признавање се бара, за што сепак, ЕСЧП зема предвид дека ова барање не е меѓу барањата наведени во членот IV на Њујоршката конвенција, која е *lex specialis* за признавање на странски арбитражни одлуки и која е ратификувана од страна на РСМ, а домашните судови не дале образложение зошто во околностите на случајот дале предност на домашното право; потоа, имајќи го предвид ставот на домашните судови дека одлуката на полскиот суд со која делумната арбитражна одлука била признаена во Полска не можела да послужи како доволна потврда за правосилноста на делумната арбитражна одлука во смисла на одредбите од ЗМПП, ЕСЧП забележа дека во својата жалба до Апелациониот суд Скопје компанијата апликант јасно ја оспорила оваа линија на аргуменатација на домашниот суд, наведувајќи дека одлуката на полскиот суд не е предмет на постапката и притоа со цел да отстрани секаков сомнеж доставила дополнителен доказ кој ѝ станал достапен по донесувањето на првостепената домашна одлука во постапката по барањето за признавање на делумната арбитражна одлука – имено, потврда од Генералниот секретаријат на Меѓународниот суд за арбитража дека делумната арбитражна одлука била уредно доставена до страните потсетувајќи притоа на нејзината задолжителна природа, што според компанијата апликант претстувало доказ за правосилноста на делумната арбитражна одлука во смисла на членот 101 од тогаш важечкиот ЗМПП. Притоа ЕСЧП констатираше дека во случајот не постојат никакви дилеми во однос на обрзувачката сила на делумната арботражна одлука, како и дека со изнесување на случајот пред арбитражата странките презеле обврска да ја почитуваат арбитражната одлука без одоговлекување, како што впрочем налагаат и меѓународните правила кои ја регулираат ваквата арбитражната постапка. Дополнително, ЕСЧП забележа дека апелациониот суд пропуштил да го адресира ваквиот приговор на компанијата апликант, како и дека не се осврнал на дополнителниот горепосменат доказ доставен од нејзина страна во жалбената постапка. Апелациониот суд во Скопје ниту го отфлил ваквиот доказ како недозволен, ниту на било кој начин го оценил во смисла на тоа дали компанијата апликант сепак доставила потврда од надлежен орган за правосилноста на делумната арбитражна одлука чие признавање се барало. Наместо тоа, ЕСЧП забележал дека второстепениот суд само ги повторил релевантите аргументи во оваа смисла од првостепена судска одлука. Притоа ЕСЧП констатирал, дека со оглед на тоа дека наводниот пропуст на компанијата апликант да достави доказ за правосилноста на делумната арбитражна одлука бил според двете домашни судски инстанци,

доволен основ самиот по себе за одбивање да се признае арбитражната одлука, аргументите на компанијата апликант наведени погоре, а кои биле изнесени во нејзината жалба и притоа останале неодговорени од страна на Апелациониот суд во Скопје, биле одлучувачки за исходот на постапката по барањето за признавање на делумната арбитражна одлука. Во условите, фактот што тие останале неодговорени од страна на Апелациониот суд во Скопје, било спротивно на членот 6 став 1 од ЕКЧП.

Втората причина за одбивање на барањето е поради наводни сериозни процесни дефекти на постапката во која била донесена делумната арбитражна одлука. Имено, уважувајќи ги наводите на домашната компанија Г. изнесени во постапката по барањето за признавање на делумната арбитражна одлука, домашните судови заклучиле дека арбитражната одлука била донесена во постапка во која не бил запазен принципот на непристрасност поради учеството на арбитрерот Ј.М. што било спротивно на домашниот правен поредок. Иако, ЕСЧП забележа дека при ваквата одлука домашните судови постапувале во согласност со своите надлежности и повикувајќи се на критериумите за одбивање на признавање утврдени во Њујоршката конвенција и присутни во меѓународната судска пракса, тој констатираше повреда на членот 6 став 1 од ЕКЧП од причина што домашните судови не дале доволно одбразложени причини за аргументите на компанијата апликант против домашната одлука во овој дел, особено истакнати во постапката пред Апелациониот суд, кои можеле да бидат од одлучувачка природа во однос на исходот на постапката, а меѓудругото биле поткрепени и со докази и акти на самата Меѓународната стопанска комора која прифатила да ги рагледа наводите на домашната копманија Г. во однос на непристрасноста на арбитерот, независно што биле истакнати по донесувањето на делумната арбитражна одлука. Притоа, ЕСЧП забележал дека Апелациониот суд во Скопје дал само кратко образложение во однос на деталните аргументи на компанијата апликант истакнати во однос на специфичниот наод, и дошол до својот заклучок кој бил во дел спротивен на ставот на самата Меѓународната стопанска комора, без да посочи притоа на било какви докази или детали или без да даде образложение.

Конечно, ЕСЧП констатираше повреда на членот 6 став 1 од ЕКЧП покрај поради двете причини наведнеи погоре и поради тоа што во околностите на случајот заклучи дека сомнежите на компанијата апликант во непристрасноста на судиката Ј.Н. биле објективно оправдани поради што советот на Апелациониот суд кој одлучувал во случајот не ги задоволил критериумите на членот 6 став 1 од Конвенцијата, имајќи предвид дека во три-члениот состав на советот на Апеациониот суд во Скопје кој одлучувал по барањето на компанијата апликант за признавање на делумната арбитражна одлука, учествувала во својство на претседател, судиката Ј.Н. чиј сопруг (во текот на постапката за арбитража и подоцна во текот на постапката за признавање на делумната арбитражна одлука) бил вработен во домашната компанија Г.,

односно должникот, или спротивната страна во постапката за признавање на делумната арбитражна одлука. Имајќи предвид дека компанијата апликант за оваа околност дознала по одлучувањето од страна на Апелациониот суд во Скопје во постапката иницирана од компанијата апликант за целите на признавање на делумната арбитражна одлука (ЕСЧП констатираше дека не е во можност на околностите на случајот да заклучи дека компанијата апликант можела за овие околности да дознае порано), таа прашањето за пристрасноста на судијата Ј.Н. не можејќи порано го покренала во постапката по барање за повторување на постапката за признавање на делумната арбитражна одлука, но таквото барање не било удоволено. ЕСЧП во овој дел својата одлука ја заснова имајќи предвид во основа дека: прво, судиката не можела да не биде свесна дека нејзиниот сопруг бил вработен во домашната компанија должник, која била странка во конкретната постапка, но пропуштила овој факт да го открие во постапката и пропуштила да бара сопствено изземање од постапката и покрај законската можност што би овозможило оценка од страна на домашните судови на различните фактори, вклучително и на работниот однос на нејзиниот сопруг за целите на донесување на одлука дали во случајот било потребно нејзино иззмање. Судиката Ј.Н. во околностите на случајот пред неа, во кој се соочувала со наводи на компанијата должник за непристрасност на еден арбитер, поради некакви релации со друго лице за кое компанијата должник тврдела дека бил во односи со компанијата апликант, морала да покаже особено внимание и грижа и да постапи на горенаведениот начин. Поради пропустот тоа да го стори, компанијата апликант дознала за спорните односи откако Апелациониот суд одлучил во постапката по барањето за признавање на делумната арбитражна постапка. Второ, постапката по барањето за повторување на постапката по барањето за признавање на делумната арбитражна одлука, во која компанијата апликант за прв пат го покренала прашањето за непристрасност на судиката Ј.Н. пред домашните судови, завршила без оценка на барањето во неговата основаност, бидејќи според Апелациониот суд Скопје кој одлучувал по барањето, во случајот не биле задоволени законските критериуми за повторување на постапката, а дополнително компанијата апликант не истакнала нови докази или факти кои би го оправдале повторувањето, туку само ги повторила наводите изнесени во нејзината жалба до Апелациониот суд. Поради ваквата интерпретација на домашното право од страна на Апелациониот суд, наводите на компанијата апликант за непристрасност на судиката Ј.Н. никогаш не биле предмет на оценка од страна на домашните судови. Поради наведените причини, Судот констатираше повреда на членот 6 од ЕКЧП.

## 4.2. ОДЛУКИ НА ЕСЧП ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 2024 ГОДИНА

Во текот на 2024 година ЕСЧП донесе вкупно 18 одлуки против Северна Македонија со кои одлучи за вкупно 39 поднесени апликации пред ЕСЧП.

Со 4 одлуки од вкупно 18, ЕСЧП одлучи за 4 апликации поднесени против државата и истите ги прогласи за недопуштени[86].

Во случајот **2002 Евробус увоз-извоз Прилеп ДОО[87],** компанијата апликант истакна жалбени наводи за повреда на презумцијата на невиност односно повреда на член 6 став 2 од Конвенцијата поради образложението на граѓанските судови во постапката за надомест на штета поради привремено одземање на возило во рамките на прекршочна постапка, која била запрена поради застареност, по што возилото и било вратено на компанијата апликант. Таа исто така, во врска со истата постапка за надомест на штета се жалеше на повреда на членот 13 од Конвенцијата со наводи дека грѓанските судови наместо да одлучуваат по нејзиното тужбено барање за надомест на штета, во суштина се занимавале со прашањето за наводна прекрошочна одговорност. Гледајќи ја постапката како целина, ЕСЧП консатираше дека домашните граѓански судови сепак го опишале исходот од прекршочната постапка и иако констатираше употреба на „несреќен избор на формулации" од страна на домашните судови, сепак заклучи дека во контекстот на граѓанската постапка и имајќи ја предвид нејзината природа, тие не можат да се разберат како импутирање на прекршочна одговорност. Поради ова, ЕСЧП го прогласи соодветниот навод за повреда на Конвенцијата, како очигледно неоснован. До истиот заклучок ЕСЧП дојде и во однос на наводите за повреда на членот 13 од Конвенцијата, со оглед дека тужбеното барање за надомест на штета било разгледано на три нова од страна на домашните судски инстанци, и со оглед дека ефикасноста на домашниот правен лек не зависи од позитивен исход на постапката за апликантот.

Во случајот на **Вера Иванова[88],** ЕСЧП ја испитуваше евентуалната повреда на правото на сопственост поради неможноста апликантката да ја оспори одлуката на првостепениот кривичен суд за замрзнување на банкарска сметка, донесена во контекст истрага за перење на пари покрената против неа, бидејќи одлуката не ѝ била доставена. Со оглед на својата претходна судска пракса согласно која во ваквиот вид на постапка не се покренува прашањето за процедурални гаранции; како и имајќи предвид дека апликантката не тврдеше дека одлуката за замрзнување била непропорционална на наводната добивка прибавена од нејзина страна;

[86] 2002 Евро бус увоз-извоз Прилеп ДОО, одлука од 18 јануари 2024; Иванова, одлука од 13 јуни 2024, Имморекс Македонија ДОО Скопје, одлука од 17 октомври 2024 и Даневски, одлука од 19 декември 2024
[87] 2002 Евро бус увоз-извоз Прилеп ДОО, одлука од 18 јануари 2024
[88] Иванова, одлука од 13 јуни 2024

дополнително не го спореше аргументот на Владата дека таа можела во секое време и неограничен број пати да бара измена на спорната одлука и имајќи предвид дека таа поднела такво барање за кое одлучувале две нивоа на судки инстанци, при што нивните одлуки не биле арбитрерни, ЕСЧП заклучи дека наводот на апликантката е очигледно неоснован, бидејќи таа имала разумна можност да ја оспори одлуката за замрзување на имотот, каде судовите во контрадикторна постапка можеле да ги одмерат засегнатите спротивставени интереси. Поради тоа, ЕСЧП заклучи дека наводот на апликантката за повреда на Конвенцијата е очигледно неоснован.

Во случајот **Имморекс Македонија ДОО Скопје**[89], компанијата апликант се жалеше дека спротивно на гаранциите од член 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата, домашните власти произволно ја утврдиле нејзината даночна обврска во однос на правото на одбивка на ДДВ и дека спротивно на членот 13 од ЕКЧП, домашните судови не ги адресирале нејзините аргументи за застареност на делови од нејзиниот даночен долг. Судот заклучи дека компанијата апликант немала „легитимно очекување“ за одбиток на предметниот ДДВ и, следствено, она што било загрозено во однос на нејзините трансакции со нејзините добавувачи не можело да се смета како „имот“ во смисла на член 1 Протокол бр. 1 од Конвенцијата. Во овој контекст Судот особено имаше предвид дека добавувачите на компанијата апликант не ги почитувале домашните правни правила во однос на ДДВ-то, за што компанијата апликант знаела односно можела да знае и не презела ништо во смисла на тоа да обезбеди нивно законито постапување што би претставувало вообичаено внимание помеѓу деловни партнери. Така, Судот одлучи дека соодветниот дел од апликацијата во однос на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата е некомпатибилен *ratione materiae* со одредбите на Конвенцијата и мора да биде отфрлен. Што се однесува до наводите за повреда на член 13, Судот заклучи дека со оглед на неговиот горенаведен заклучок во однос на член 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата, не може да утврди дека компанијата апликант има аргументирано барање за целите на членот 13.

Апликантот **Даневски**[90] истакна наводи за повреда на членот 5 став 1 и членот 6 од ЕКЧП во врска со неговата осуда во отсуство, и со таа постапка поврзаната затворска казна, која била извршена по неговата екстрадиција во контекст на друг сет на кривична постапка и поради неможноста да добие повторување на постапката. Наводите за повреда на членот 6 од ЕКЧП поради неможноста да добие повторување на постапката поради судење во отсуство беа прогласени за очигледно неосновани поради тоа што ЕСЧП заклучи, како што сугерираше Владата, дека апликантот бил свесен и запознаен со постапката која се водела против него, обвинителниот акт му бил доставен, а тој поднел приговор против истиот, но се дал во бегство,

[89] Имморекс Македонија ДОО Скопје, одлука од 17 октомври 2024
[90] Даневски, одлука од 19 декември 2024

со цел да го избегне судењето. Соодветно на ова, ЕСЧП заклучи дека издржувањето на затвроската казна изречена во предметната кривична постапка не било спротивно на ЕКЧП, имајќи предвид дека не станувало збор за казна изречена во постапка која била спротивна на членот 6 од ЕКЧП. Истовремено, ЕСЧП заклучи дека апликантот не може да тврди дека е жртва на повреда на членот 5 од ЕКЧП поради лишувањето од слобода заради издржување на затворска казна која не била предмет на барањето за негова екстрадиција, спротивно на домашното и меѓународното право, имајќи предвид дека за време на постапката пред ЕСЧП, домашните судови експлицитно признале дека не биле исполнети законските претпоставки за издржување на соодветната затворска казна односно дека лишувањето од слобода на аплиакнтот за таа цел било незаконито, а дополнително издржаниот период од таквата затворска казна го засметале односно го одбиле од друга затворска казна која аплиакнтот требало да ја издржи, што ЕСЧП заклучи дека претставува соодветно обештетување на апликантот. Во светло на ова, ЕСЧП го прогласи за недопуштен и соодветниот навод за повреда на ЕКЧП.

Во текот на 2024 година, Европскиот суд за човекови права донесе 8 одлуки по пријателско спогодување кои се накратко презентирани во продолжение.

Жалбените наводи во предметот **Белова и други (А.бр.32930/23), Ицковска и 4 други апликации (А.бр. 56022/21) и Стојановски и 3 други апликации (А.бр. 7508/20)** беа врзани за повреда на правото за судење во разумен рок, поради должина на домашната постапка на апликантите.

Случаите **Бетон АД Скопје (А.бр. 38181/20), Специјал продукт ДООЕЛ Скопје (А.бр.6430/20), Фабрика Карпош АД и 6 други апликации (А.бр. 7307/20)** се однесуваа на ненамирени извршни побарувања од страна на правни ентиттеи формирани од државта, во принип поради одлуки на домашните судови со кои се определеува лимит на средства под кои не е дозволено извршување.

Апликантот **Асан (А.бр. 50897/21)** се жалеше дека спротивно на гаранциите од членот 5 од Конвенција, мерката притвор му била определена *in abstracto* и без доволно образложение; дека постапките по жалби против решенијата не биле контрадикторни, односно дека тој не бил сослушан во истите.

Спрема апликантот **Цветковски (А.бр. 55849/20)** била определена мерка задолжително психијатриско лекување и чување определена да се извршува во психијатриска болница. Со оглед на тоа дека тој покажувал добро поведение за време на лекувањето, имал добри односи со персоналот, не пружал отпор, туку уредно ја примал терапија, во декември 2019 година психијатриската установа побарала од домашните судови да му изречат помалку тешка мерка-

задолжително психијатриско лекување на слобода. И покрај аргументите на болницата, две домашни судски инстанци ги отфрлиле барањата на психијатриската установа. Во април 2021 година, по ново барање од болницата, домашните судови на апликантот му определиле полесна мерка врз основа на истите околности врз основа на кои претходното барање било одбиено, со тоа што во подоцнежната постапка судот презел дејствија по службена должност кои можеле да бидат преземени и во претходната постапка. Цветковски пред ЕСЧП се жалеше на повреда на член 5 од Конвенцијата кој го гарантира правото на слобода, за периодот кој го поминал во психијатриската установа од декември 2019 до април 2021 година.

Со наводи за повреда на неговите права на сопственост според член 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата, апликантот **Китановски (А.бр. 22146/20)** се жалеше дека, настрана прекршочната казна, неговиот камион и дрва кои ги превозувал без испратница биле конфискувани во домашната постапка, иако оваа активност била негов главен извор на приход.

Во текот на 2014 година Судот донесе 4 одлуки по изјавена еднострана декларација со која Владата призна повреда на Конвенцијата. Во предметите **Мацовски (А.бр.3254/23)** и **Клечкароска и 2 други апликации (А.бр. 7803/20)**, апликантите истакнаа наводи за повреда на член 6 кои беа врзани со долгото времетраење на нивните домашни постапки. Во случајот **Магделиниќ и 4 други апликации (А.бр. 13208/20)** апликантот се жалеше според член 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата за неможноста да се повратат наводните преплатени царински давачки платени од неговото друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, имајќи предвид дека управната постапка или била запрена, или домашните управни судови ги отфрлиле барањата за управен спор во пет посебни постапки, поради тоа што компанијата престанала да постои. Случајот **Антовски (А.бр. 20630/20)** се однесува на должината на извршувањето (од 2013 година) на тужбено барање против приватно лице за предавање на недвижен и подвижен имот и имотни права утврдени со оставинско решение. Врховниот суд го усвоил тужбеното барање и одредил рок од 3 месеци на извршителот да го заврши извршувањето. Апликантот се жалеше дека барањето сè уште не било целосно спроведено, што претставувало повреда на неговите права загарантирани со член 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата.

Дополнително, во текот на 2024 година, Судот донесе две одлуки со кои апликациите ги отфрли поради изгубен интерес од страна на апликантите, поточно случаите **Трпковски (А.бр.24705/21)** и **Ангелов (А.бр.47386/20)**.

## 5. ИЗНОС НА ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТ ДОСУДЕН ОД СТРАНА НА ЕСЧП СО ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ ВО ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2024 година износот на досудени средства по сите основи од страна на ЕСЧП (пресуди со констатирана повреда на ЕКЧП, одлуки за спогодбено решавање на предметите и одлуки донесени по основ на еднострана декларација, односно признавање на повредите на ЕКЧП) е вкупно **2.191.889,00 €** и претставува значително зголемување во однос на износот на парични средства досудени од страна на ЕСЧП во претходните години, или највисок износ досега гледано споредбено во последните 10 години, што го прави рекордна сума на досудени износи од страна на ЕСЧП во предмети против државата досега. Во еден случај беше забележано доцнење при исплатата.




## 6. ПРЕДМЕТИ ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ

Откако во текот на 2016 година, државата го достигна рекордот по однос на бројот на пресуди и одлуки во однос на кои беше донесена финална резолуција од страна на Комитетот на министри во текот на една година и со тоа означен беше крајот на процесот на нивното извршување, што пред сѐ се должи на затворање на околу 60 пресуди со кои беше констатирана повреда на правото на судење во разумен рок од членот 6 на ЕКЧП, а во некои од нив и повреда на членот 13 (правото на ефикасен домашен правен лек) во врска со членот 6 (правото на судење во разумен рок), а пред сѐ капитилизирајќи ги напорите кои беа правени во годините претходно за забрзување на домашните постапки, намалувањето на бројот на т.н. „стари предмети“, но се чини пред сѐ на воведувањето на домашното правно средство пред Врховниот суд за заштита на правото на судење во

разумен рок кое во 2011 година беше прогласено за ефикасно од страна на ЕСЧП[91], бројот на предмети за кои Комитетот на министри го затвори надзорот на извршување во текот на 2024 година изнесуваше 18, за разлика од 2023 година кога овој број изнесуваше 16. За листата на пресуди за кои е донесена финална резолуција од страна на Комитетот на министри во текот на 2024 година, види **Анекс бр. 2**. Од оваа бројка, еден предмет беше водечки под зајакнат надзор, а еден беше водечки во стандарден надзор.

Во текот на 2024 година од страна на Бирото за застапување на Република Северна Македонија беа изготвени и до Комитетот на министри испратени 10 акциони планови и 2 акциони извештаи. За листата на овие предмети види **Анекс бр. 3**.

Бројот на предмети во извршување, а под надзор на Комитетот на министри на крајот на 2024 година изнесуваше 31. Бројот на нови предмети кои беа ставени под надзор на Комитетот на министри во 2024 година изнесуваше 16, за разлика од бројот во 2023 година кога изнесуваше 20, во 2022 година кога изнесуваше 10 или во 2021 кога повторно изнесуваше 20. Од „новите предмети“ или предметите кои беа ставени под надзор на Комитетот на министри во текот на 2024 година, 7 се водечки, а 4 беа класифицирани како повторувачки предмети. Од вкупниот број на 31 предмет под надзор на Комитетот на министри на крајот од 2024 година, 18 се класифицирани како водечки од кои 3 под зајакнат надзор, а 15 кои беа класифицирани како водечки се под стандарден надзор. За листата на водечки предмети во извршување под надзор на Комитетот на министри види повеќе во **Анекс бр. 4.**

Од водечките случаи под зајакнат надзор, два се во процес на извршување и под надзор на Комитетот на министри 5 или подолго од 5 години. Станува збор за случајот *Китановски*[92] кој е водечки во однос на група на уште 7 пресуди со кои е констатирана повреда на членот 2 односно 3 од ЕКЧП, особено поради отсуство на ефикасна истрага на наводите за нечовечко постапување од страна на полицијата. Другиот случај е *X*[93], во кој недостатокот на законска регулатива која ќе ја регулира процедурата и условите за промена на ознаката за пол во матичната евиденција на трансродовите лица, е пречка за извршување на општите мерки. Слично, 2 од водечките случаи под стандарден надзор на Комитетот на министри се во процес на извршување 5 или подолго од 5 години. Тука станува збор за случајот *Василковски и др.*[94], кој е водечки во однос на група предмети чиј раст е во подем а се однесуваат на членот 5 од ЕКЧП која го гарантира правото на слобода и безбедност

[91] *Аџи-Спиркоска и други,* одлука од 3 ноември 2011 година.
[92] пресуда од 22 јануари 2015 година.
[93] пресуда од 17 јануари 2019 година
[94] пресуда од 28 октомври 2010 година

(притворски предмети). Другиот, случајот *Митови*[95] претпоставува измени во домашното законодавство примарно во областа на семејното право, особено во делот кој се однесува на извршувањето на одлуките за видувањето на деца.

## ПРЕДМЕТИ ПОД НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕТО ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ







[95] пресуда од 16 април 2015 година

**ПРЕДМЕТИ ЗА КОИ КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ДОНЕСЕ ФИНАЛНИ РЕЗОЛУЦИИ И ГО ЗАТВОРИ НАДЗОРОТ НАД ИЗВРШУВАЊЕТО**






**НОВИ СЛУЧАИ ПОД НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ**






| | АНЕКС БР.1 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДОСТАВЕНИ НА ОДГОВОР ВО 2024 година** | | | |
| | **ПРЕДМЕТ** | **БРОЈ НА АПЛИКАЦИЈА** | **АПЛИКАНТ/И** | **ЖАЛБЕНИ НАВОДИ НА АПЛИКАНТОТ/ИТЕ** |
| **1.** | **Панчевски** | А.бр. 9785/21 | Владимир Панчевски | **член 5 од Конвенцијата**<br>(право на слобода и безбедност) |
| **2.** | **Геровска Попчевска** | А.бр. 30989/20 | Снежана Геровска Попчевска | **член 6 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| **3.** | **Неделкова** | А.бр. 55602/21 | Лидија Неделкова | **член 6 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| **4.** | **М.Л.** | А.бр. 30206/23 | М.Л. | **член 8 од Конвенцијата**<br>(право на приватен и семеен живот) |
| **5.** | **Н.Н. и други** | А.бр. 10318/22 | Н.Н.<br>Л.Н.<br>В.Н. | **член 3 од Конвенцијата**<br>(забрана за тортура)<br>**член 8 од Конвенцијата**<br>(право на приватен и семеен живот) |
| **6.** | **Гео солар ДООЕЛ Делчево** | А.бр. 19088/21 | Гео солар ДООЕЛ Делчево | **член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата**<br>(право на сопственост) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **7.** | **Н.А.А. и други** | А.бр. 28795/16 | Н.А.<br>А.О.<br>С.О.<br>С.О. | **член 3 од Конвенцијата**<br>(забрана за тортура) |
| **8.** | **Кескин** | А.бр. 6865/22 | Ахмет Кескин | **член 5 од Конвенцијата**<br>(право на слобода и безбедност) |
| **9.** | **Груевски** | А.бр. 15902/21 | Никола Груевски | **член 6 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| **10.** | **Талевски и 1 друга апликација** | А.бр. 34261/23 | Владимир Талевски | **член 6 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| | | А.бр. 7877/24 | Миле Јанакиески<br>Коста Митровски | |
| **11.** | **Налбанти-Димовска и 3 други апликации** | А.бр. 54213/20 | Соња Налбанти-Димовска | **член 1 од Протокол број 1 од Конвенцијата**<br>(право на сопственост) |
| | | А.бр. 22024/21 | Коста Стојановски | |
| | | А.бр. 28792/21 | Надица Спасовска | |
| | | А.бр. 38983/21 | Маја Серафимовска | |
| **12.** | **Стојановска и други и 7 други апликации** | А. бр. 2472/23 | Драгица Стојановска<br>Оливера Цоневска<br>Жаклина Цветановска<br>Лозанка Димитријевска<br>Елка Ивановска<br>Светланка Јакимовска<br>Вера Јовановиќ<br>Славица Маниќ<br>Винка Милошевска<br>Валентина Митревска<br>Зоран Николиќ<br>Иван Павловиќ | **член 6 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Светлана Павловска<br>Весна Пецулановска<br>Зорка Ристовска<br>Славица Сотирова<br>Сузана Спасовска<br>Милка Станојковска<br>Олга Тасиќ<br>Мошо Трајковски<br>Снежана Тренчева<br>Валентина Трифунова<br>Видоја Величковски | |
| | | А.бр. 3079/23 | Весна Трендафиловска<br>Снежана Ангеловска<br>Мирослава Антевска<br>Слаѓана Апостоловска<br>Слаѓана Десподовска<br>Станка Димитријевска<br>Ацо Димковски<br>Станка Јаневиќ<br>Зоран Јаневски<br>Росанка Јордановска<br>Јасмина Јовановска<br>Снежана Јовановска<br>Роберт Крањевски<br>Новча Крстевски<br>Јадранка Левтеровска<br>Јовица Маневски<br>Билјана Миленковиќ<br>Јаворка Николиќ<br>Марјан Серафимовски<br>Розета Спасевска | |
| | | А.бр. 3410/23 | Светлана Стефановска<br>Снежана Бојковска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Снежанка Бошковска<br>Миле Димковски<br>Марица Додевска<br>Верица Додевска<br>Нада Јордановска<br>Марина Јовановиќ<br>Сузана Крстевска<br>Перса Лазаревска<br>Добринка Милошевска<br>Члслав Насковиќ<br>Мира Насковска<br>Вера Николиќ<br>Верица Николовска<br>Десанка Петковиќ<br>Славица Ристиќ<br>Драгица Сарафиновска<br>Петар Тодоровиќ<br>Зорица Трајановиќ | |
| | | А.бр. 3412/23 | Драган Стојмановски<br>Вељко Арсовски<br>Васка Цветковска<br>Тони Јовановски<br>Вера Каранфиловска<br>Сузана Китановиќ<br>Анѓелко Костовски<br>Славко Костовски<br>Светланка Кузмановска<br>Ѓурѓа Лазаревска<br>Гордана Лазаревска<br>Гордица Маневска<br>Злате Михајловски<br>Славица Митковска<br>Силвана Стојковска<br>Шикеринка Тодоровска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Паунка Трајковиќ<br>Снежана Трајковска<br>Љубинка Вукадиновиќ | |
| | | А.бр. 3413/23 | Весна Милановска<br>Самет Амети<br>Зорица Антовска<br>Ацо Арсеновски<br>Сузана Димитријевска<br>Гордица Ивановска<br>Ѓурѓа Ципријановиќ<br>Данка Менковска<br>Весна Митровиќ<br>Благоротка<br>Младеновска<br>Венцо Николовски<br>Вера Обрадовска<br>Марјанчо Пауновски<br>Драгица Петринска<br>Ласте Радевски<br>Радунка Серафимовска<br>Горан Спасовски<br>Стојча Стоилковски<br>Љиљана Стошиќ | |
| | | А.бр. 4073/23 | Јаготка Антониевска<br>Снежана Андоновска<br>Живка Анѓеловска<br>Маргарита Атанасовска<br>Снежанка Димчевска<br>Станка Димовска<br>Цветанка Ѓорѓевиќ<br>Богица Илиевска<br>Снежана Јовановска<br>Сузана Ковачевска<br>Славица Кузмановска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Татјана Николовска<br>Трајка Смиљковска<br>Јадранка Спасовска<br>Менка Спирова<br>Снежана Станковска<br>Марија Станоевска<br>Миленковиќ<br>Горјанка Стојмановска<br>Слободанка Тодоровска<br>Рисимка Тричковиќ | |
| | | А.бр. 5992/23 | Славица Антевска<br>Снежанка Цветковиќ<br>Маре Деспотовска<br>Летка Димитриевска<br>Добрица Димитријевска<br>Радица Дончевска<br>Сузана Ѓуревска<br>Гордица Јанчиќ<br>Мирјана Каранфиловска<br>Струмка Крстевска<br>Анкица Михајловиќ<br>Марина Михајловска<br>Верка Младеновска<br>Весна Радевска<br>Славна Трајковска<br>Лидија Зафировска | |
| | | А.бр. 14131/23 | Трајча Величковски<br>Рагби Алиевски<br>Раиф Авдии<br>Јадранка Богојевска<br>Верица Цветковска<br>Лепа Давидовска<br>Стефанија Димовска<br>Ротка Јакимовска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Гроздана Јосифовиќ<br>Весна Кимевска<br>Ридван Ќазими<br>Александар Манчиќ<br>Марјан Манојловски<br>Зоран Мурговиќ<br>Лидија Поповска<br>Владанка Постоловска<br>Билјана Ристовска<br>Аслан Салиевски<br>Милорад Спасиќ<br>Невенка Спасовска<br>Милан Станковски<br>Билјана Трајковска<br>Фиданка Трајковска<br>Миронка Трајковска | |
| **13.** | **Станковска и други и 16 други апликации** | А.бр. 11951/23 | Весна Станковска<br>Сузана Денковиќ<br>Десанка Јовановска<br>Љубиша Кузмановски<br>Виолета Савревска | **член 6 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| | | А.бр. 12000/23 | Стојанка Јакимовиќ | |
| | | А.бр. 29339/23 | Славица Петковска<br>Магда Серафимовиќ<br>Мица Стојановска | |
| | | А.бр. 29545/23 | Радица Стаменковска<br>Неџати Муртези<br>Светланка Трајковска | |
| | | А.бр. 29558/23 | Зорица Павловска<br>Сунчица Ѓоргиевска<br>Десанка Смиљковиќ | |
| | | А.бр. 30283/23 | Гордана Насковска<br>Благе Бошковски<br>Олгица Спасовска | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Момчило Спасовски | |
| | | А.бр. 30308/23 | Живка Спасовска<br>Верица Николиќ<br>Чедомир Стојковски | |
| | | А.бр. 30340/23 | Момчил Спасовски<br>Љубица Ѓорѓиевска<br>Драган Тасевски | |
| | | А.бр. 30529/23 | Матилда Николовска<br>Предраг Гиевски<br>Слаѓана Петрушевска<br>Љиљана Стефановска | |
| | | А.бр. 30914/23 | Живка Алексовска<br>Светланка Крстевска<br>Мирјанка Николовска | |
| | | А.бр. 30946/23 | Ивица Благојевиќ<br>Славица Младеновска<br>Гордана Поповиќ<br>Славица Спасиќ | |
| | | А.бр. 31320/23 | Слунка Денковска<br>Светлана Петрушевска<br>Светозар Ристиќ<br>Мирјана Стојмановска | |
| | | А.бр. 31326/23 | Сузана Митевска<br>Нада Петрушевска<br>Зорица Петрушевска<br>Светланка Стошевска | |
| | | А.бр. 31506/23 | Виолетка Јордановска<br>Јаворка Јакимовска<br>Винка<br>Јовановска-Стојмановска | |
| | | А.бр. 31548/23 | Јовица Алексовски<br>Оливера Алексовска<br>Христина Јакимовска<br>Оливера Прокиќ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | А.бр. 31553/23 | Драгица Димитриевска<br>Јагода Костадиновска<br>Славе Миленковски | |
| | | А.бр. 31860/23 | Гордица Стоилковска<br>Марјонка Максимовска<br>Жанка Стокиќ | |
| **14.** | **Анастасовски и 1 друга апликација** | А.бр. 29573/21 | Игор Анастасовски | **член 6 од Конвенцијата**<br>(право на правично судење) |
| | | А.бр. 29592/21 | Генчо Стојановски | |
| **15.** | **Димовска** | А.бр. 6375/23 | Жаклина Димовска | **член 2 од Конвенцијата**<br>(право на живот)<br><br>**член 13 од Конвенцијата**<br>(право на ефикасен правен лек) |
| **16.** | **Мемишоски** | А.бр. 24570/22 | Доан Мемишоски | **член 3 од Конвенцијата**<br>(забрана за тортура) |

| АНЕКС БР. 2 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕСУДИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЧИЕ ИЗВРШУВАЊЕ Е ЗАТВОРЕНО СО ФИНАЛНИ РЕЗОЛУЦИИ УСВОЕНИ ОД КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ВО 2024 година** | | | | | |
| | **ПРЕДМЕТ** | **БРОЈ НА АПЛИКАЦИЈА** | **ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСУДА** | **ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАЛНА РЕЗОЛУЦИЈА** | **ВИД НА ПОВРЕДА** |
| **1.** | **Илиевска** [96]**-** повторувачки случај во група Китановски | А.бр. 20136/11 | 07.05.2015 | 11.06.2024 | **Член 3 од Конвенцијата** Забрана за мачење |
| **2.** | **Мемедова и други** – водечки случај | А.бр. 42429/16 | 24.10.2023 | 23.10.2024 | **Член 2 од Протокол број 4 од Конвенцијата** Слобода на движење |
| **3.** | **ПОА (Гркоправославна Охридска архиепископија на Пеќката патријаршија)** – водечки случај | А.бр. 3532/07 | 16.11.2017 | 03.12.2024 | **член 11 во врска со членот 9 од Конвенцијата** право на слобода на здружување |
| **4.** | **Бекташка заедница и други –** повторувачки случај во групата ПОА | А.бр. 48044/10 | 12.04.2018 | 03.12.2024 | **член 11 во врска со членот 9 од Конвенцијата** право на слобода на здружување |

[96] Овој случај беше затворен во однос на индивидуалните мерки, додека пак во делот на општите мерки продолжува да се следи во рамките на групата Китановски

**Анекс бр. 3**

**Предмети за кои што се поднесени акциони планови и извештаи во текот на 2024 година:**

**Акциони планови:**

1. Група Китановски

   (предмети: Китановски, Андоновски, Асллани, Хајрулаху, Илиевска, Мемедов, Трендафиловски, X и Y);
2. X (А.бр. 29683/16);
3. Елмазова и други (А.бр. 11811/20 и 13550/20);
4. Насков (А.бр. 31620/15)
5. Жежовски (А.бр.52572/18)
6. Иљаз (А.бр.53040/19)
7. С.Б. (А.бр. 64163/19)
8. Китановска и Трајковски (А.бр.71651/17)
9. Д.Х. (А.бр.44033/17)
10. Китановска и Барбуловски

**Акциони извештаи:**

1. Мемедова (А.бр.42429/16)
2. Група ПОА (Гркоправославна Охридска архиепископија на Пеќката патријаршија (А.бр. 3532/07)

| АНЕКС БР. 4 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **„ВОДЕЧКИ“ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ** | | | | | | |
| | **Број на Апликација** | **Датум на донесување на пресудата** | **Датум на правосилност** | **Апликант/Компанија апликант** | **Вид на повреда** | **Тип на надзор** |
| 1. | А.бр. 53565/13 | 16.04.2015 | 16.07.2015 | **МИТОВИ** | **член 8 од Конвенцијата**<br>повреда на правото на апликантите (татко, баба и дедо) на почитување на нивниот семеен живот, како резултат на пропустот на државните органи да преземат соодветни и ефективни напори за извршување на одлуките за видување донесени од Центарот за социјални работи;<br>**член 13 од Конвенцијата**<br>отсуство на ефективен правен лек во врска со членот 8 од Конвенцијата | Стандарден надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | А.бр. 15191/12 | 22.01.2015 | 22.04.2015 | **КИТАНОВСКИ** | **член 2 од Конвенцијата (материјален аспект)** употреба на живото-загрозувачки третман од страна на полициски службеници;<br><br>**член 3 од Конвенцијата (материјален аспект)** деградирачки третман од страна на полициски службеници за време на неговото апсење;<br><br>**член 2 и 3 од Конвенцијата (процесен аспект)** отсуство на ефективна истрага за жалбените наводи на апликантот поради живото-загрозувачкиот и деградирачки третман од страна на полициски службеници | Зајакнат надзор |
| 3. | А.бр. 28169/08 | 28.10.2010 | 28.01.2011 | **ВАСИЛКОСКИ И ДРУГИ** | **член 5 § 3 од Конвенцијата** отсуство на конкретни и недоволно образложени причини за притвор на апликантите; | Стандарден надзор |
| 4. | А.бр. 29683/16 | 17.01.2019 | 17.04.2019 | **X** | **член 8 од Конвенцијата** повреда на правото на апликантот на почитување на правото на приватност, како резултат на недостаток на правна рамка која ги регулира условите и постапката за промена на | Зајакнат надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ознаката за пол во изводот на родени | |
| 5. | А.бр. 53205/13 | 13.02.2020 | 13.06.2020 | **ТРАЈКОВСКИ И ЧИПОВСКИ** | **член 8 од Конвенцијата**<br>повреда на правото на приватен живот поради правната рамка врз основа на која домашните органи ги чувале нивните ДНК примероци | Стандарден надзор |
| 6. | А.бр. 23773/17 | 07.06.2022 | 07.06.2022 | **КОСТОВСКИ** | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>повреда на правото на апликантот на правично судење поради неуспехот на Царинската управа во 2014 година и управните судови во 2016 година да дадат соодветни причини за одбивање на барањата на апликантот да се одржи усна расправа и да ги ценат како доказ видеоснимките од граничниот премин | Стандарден надзор |
| 7. | А.бр. 11811/20 | 13.12.2022 | 13.03.2023 | **ЕЛМАЗОВА И ДРУГИ** | **член 14 во врска со член 2 од Протокол број 1**<br>Повреда на правото на образование и заштита од дискриминација на учениците Роми поради нивната сегрегација во две државни основни училишта кои ги посетуваат претежно деца Роми и со паралелки само за Роми, соодветно. Неуспех на државата да преземе мерки за десегрегација за да се поправи фактичката | Зајакнат надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | нееднаквост на апликантите | |
| 8. | А.бр. 52003/18 | 21.03.2023 | 21.03.2023 | **РАДИКА ПРЕВОЗИ ДОО ЉУБЉАНА** | **Член 1 од Протокол број 1 – право на сопственост** Неуспех на домашните судови да утврдат дали привремената заплена на возилото на компанијата апликант во прекршочната постапка била пропорционално | Стандарден надзор |
| 9. | А.бр. 13919/18 | 04.04.2023 | 04.04.2023 | **ДИМЧЕВСКА** | **Член 6 од Конвенцијата** Право на правично сослушување во кривична постапка – судење во отсуство (неможност да се добие право на повторно отварање на постапката за целите на утврдување на кривичната осуда по судењето во отсуство) | Стандарден надзор |
| 10. | А.бр. 53030/19 | 09.05.2023 | 09.08.2023 | **КИТАНОВСКА И БАРБУЛОВСКИ** | **Член 6 од Конвенцијата** Право на пристап до суд поради отфрлање на тужбеното барање на апликантката против нотарски платни налози затоа што не било изготвено од страна на адвокат | Стандарден надзор |
| 11. | А.бр. 44033/17 | 18.07.2023 | 18.10.2023 | **Д.Х. И ДРУГИ** | **Член 3 - материјален аспект (Нечовечко или понижувачко постапување)** Неуспех на државните органи да прикажат | Стандарден надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | доволно докази кои убедливо покажуваат дека полициските власти на приведените сексуални работници им обезбедиле храна, вода и пристап до тоалет<br><br>**Член 8**<br>**(Право на почитување на приватниот и семејниот живот)**<br>Неуспех на домашните судови да го заштитат од повреда правото на почитување на приватниот живот на притворените сексуални работници со објавување на нивните фотографии направени додека биле во притвор на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи. Апелационен суд немал доволно образложение во своите одлуки. | |
| 12. | А.бр. 64163/19 | 30.11.2023 | 30.11.2023 | **С.Б.** | **Член 1 од Протоколот бр. 7**<br>**(Процедурални гаранции во случај на протерување на странци)**<br>Неможност на апликантот да ги оспори доказите на кои се потпираат домашните власти во постапката за нејзиното протерување во текот на 2018-2019 година. | Стандарден надзор |
| 13. | А.бр. 31620/15 | 12.12.2023 | 12.03.2024 | **НАСКОВ И ДРУГИ** | **Член 1 од Протокол број 1 – право на сопственост**<br>Укинување на правосилно решение за денационализација за доделување сопственост на парцела на апликантите, поради правна и фактичка неможност за извршување на решението поради трети лица кои, во меѓувреме, изградиле објекти на земјиштето | Стандарден надзор |
| 14. | А.бр. 52572/18 | 06.02.2024 | 06.02.2024 | **ЖЕЖОВСКИ** | **Член 6 од Конвенцијата**<br>Арбитрерност во одлучувањето на домашните судови во постапката за противизвршување | Стандарден надзор |
| 15. | А.бр. 53040/19 | 20.02.2024 | 20.02.2024 | **ИЛЈАЗ** | **Член 3 од Конвенцијата**<br>Неуспехот на властите ефективно да го истражат пријавениот физички напад и | Стандарден надзор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | законите упатени кон апликантот од физичко лице | |
| 16. | А.бр. 20949/21 | 14.05.2024 | 14.08.2024 | **МИТРЕВСКА** | **Член 8 од Конвенцијата** Неможноста на апликантката, која била посвоена како дете, да добие информации за нејзиното биолошко потекло и медицинската историја на нејзините биолошки родители во домашната постапка | Стандарден надзор |
| 17. | А.бр. 23215/21 | 25.06.2024 | 25.09.2024 | **ВЛАИСАВЉЕВИЌ** | **Член 8 од Конвенцијата** Неуспех на домашните судови да обезбедат ефикасна заштита на правото на апликантот на почитување на неговиот приватен живот во врска со задржувањето и користењето на неговите лични податоци од страна на приватен снабдувач со топлинска енергија, кој постојано му испраќал фактури за постојан надомест за греење и покрај неговите приговори дека не бил корисник на услугите на добавувачот | Стандарден надзор |
| 18. | А.бр. 42520/17 | 22.10.2024 | 22.10.2024 | **ШАПКАРОСКИ И КАНЕВЧЕ** | **Член 6 од Конвенцијата** Граѓанска постапка во која првостепениот суд направи очигледна грешка кога им наредил на апликантите да платат или да им пренесат на барателите делови од имот што ја надминуваат вкупната вредност на тој имот што претходно го стекнале апликантите во постапката за денационализација | Стандарден надзор |
| 19. | А.бр. 26760/22 | 05.11.2024 | 05.02.2024 | **ЗАХАРИЕВ** | **Член 6 од Конвенцијата** Несоодветно образложение на пресудите на домашните судови донесени при отфрлање на аргументот на апликантот дека уживал дипломатски имунитет според Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година | Стандарден надзор |
| 20. | А.бр. 6035/17 | 26.11.2024 | 26.02.2025 | **НДИ СОПОТ С.А** | **Член 6 од Конвенцијата** Непризнавање на деловна арбитражна одлука на меѓународен суд за арбитража | Стандарден надзор |